# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 2 Год. LXII Понеделник, 9 јануари 2006 Цена на овој број е 320 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


Стр.

20. **Закон** за извршување на санкциите.... 2
21. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија............ 63
22. **Одлука** за определување на висината на надоместокот за работата на претседателот, членовите и нивните заменици на Комисијата за жалби.................. 64
23. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања “Јасеново“ - Велес................................ 64
24. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај деца-Скопје 64
25. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом-Битола 64
26. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Кочани......................................... 64
27. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница - Кочани......................................... 65
28. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница - Струмица.................................... 65
29. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Струмица.................................... 65
30. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Струга.......................................... 65
31. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје “Јасен“-Скопје...... 66

Стр.

32. **Решение** за разрешување од должноста директор на Управата за наменско производство........................................ 66
33. **Решение** за именување член на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС “Злетовица“ - Пробиштип.................... 66
34. **Решение** за именување претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за жалби..................................... 66
35. **Решение** за именување претседател и членови на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба...... 66
36. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница - Тетово......................................... 67
37. **Решение** за именување претседател и членови на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност......... 67
38. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Јавното претпријатие “Македонски железници“ - Скопје............................... 67
39. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница - Кавадарци.................................. 67
40. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Неготино..................................... 68
41. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Радовиш...................................... 68
42. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница - Охрид........................................ 68

Стр.

43. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Охрид ........................................ **68**
44. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Кичево........................................ **68**
45. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница - Штип........................................ **69**
46. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Штип.......................................... **69**
47. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Свети Николе............................. **69**
48. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница - Велес.......................................... **69**
49. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Републички завод за здравствена заштита-Скопје.. **70**
50. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Тетово......................................... **70**
51. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Пробиштип................................. **70**
52. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Геронтолошки завод “13 Ноември“ - Скопје....... **70**
53. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Завод за здравствена заштита - Скопје.............. **70**
54. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Ресен........................ **71**
55. **Решение** за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Затворот Битола со Отворено одделение во Прилеп................................... **71**
56. **Решение** за именување директор на Затворот Битола со Отворено одделение во Прилеп...................................... **71**

Стр.

57. **Решение** за именување директор на Управата за наменско производство... **71**
58. **Решение** за разрешување од должноста директор на Државниот пазарен инспекторат.......................................... **71**
59. **Решение** за именување директор на Државниот пазарен инспекторат ........ **71**
60. **Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Дирекцијата за слободни економски зони..... **72**
61. **Решение** за именување заменик на директорот на Дирекцијата за слободни економски зони................................ **72**
62. **Решение** за именување членови на Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - Скопје........... **72**
63. **Решение** за именување член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот...................... **72**
64. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈЗУ Завод за здравствена заштита - Битола........... **72**
65. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Студентскиот дом “Кочо Рацин“ - Битола **73**

**Исправка** на Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Ресен................. **73**

66. **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... **73**

**Агенција за државни службеници на РМ**

7. **Деловник** за работа на Комисијата на Агенцијата за државни службеници за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници................................ **74**

**Објава** за стапката на пораст на трошоците на живот и платите за месец декември 2005 година.......................... **75**

**Огласен дел.........................................** **1-36**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**20.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Се прогласува Законот за извршување на санкциите, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2005 година.

Бр. 07-4858/1
29 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

#### Глава I

#### ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се уредува извршувањето на санкциите изречени за кривични дела и прекршоци (во натамошниот текст: казниви дела).

(2) Санкции изречени за кривични дела чие извршување се уредува со овој закон се казните, алтернативните мерки, мерките на безбедност и воспитните мерки.

(3) Санкции изречени за прекршоци чие извршување се уредува со овој закон се казните, мерките на безбедност и воспитните мерки.

Член 2

(1) Санкциите изречени за казниви дела се извршуваат кога одлуката со која е изречена санкцијата ќе стане правосилна и кога не постојат законски пречки за нејзино извршување.

(2) Со извршувањето на одделни санкции може да се почне и пред правосилноста на одлуката со која санкцијата е изречена, само кога тоа е определено со закон.

Член 3

Лицата спрема кои се извршуваат санкциите се лишуваат или ограничуваат во правата само во границите неопходни за остварување на целта на санкцијата, а врз основа на закон.

Член 4

(1) Правилата за извршувањето на санкциите се применуваат непристрасно.

(2) Забранета е дискриминација врз основа на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, верата, политичките или други уверувања, националното или социјалното потекло, сродството, имотната и општествената положба или некој друг статус на лицето спрема кое се извршува санкцијата.

(3) Верските чувства, личното уверување и моралните норми на лицата спрема кои се извршуваат санкциите мора да се почитуваат.

Член 5

Со лицата спрема кои се извршуваат санкциите се постапува на начин кој во најголема можна мера одговара на нивната личност.

Член 6

Со лицата спрема кои се извршуваат санкциите се постапува човечно, со почитување на човековата личност и достоинство, зачувување на нивното телесно и душевно здравје, водејќи притоа сметка за остварување на целите на одделни санкции.

Член 7

(1) Санкциите ги извршуваат органите определени со овој закон.

(2) Судот што ја донел одлуката во прв степен со која е изречена санкцијата е должен да му ја достави на надлежниот суд за извршување на санкциите според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице веднаш, а најдоцна во рок од три дена откако одлуката ќе стане извршна.

(3) Одлуката станува извршна кога по нејзината правосилност не постојат пречки определени со овој закон за извршување на санкцијата.

(4) Судијата за извршување на санкциите е должен да пристапи кон извршување на санкцијата со преземање на законски определените дејствија и мерки веднаш по приемот на одлуката.

(5) Осудените лица имаат право на заштита на своите права на начин и постапка предвидени со овој закон.

Член 8

(1) Работите на извршувањето на санкциите се во надлежност на Управата за извршување на санкциите (во натамошниот текст: Управата).

(2) Со работите на извршувањето на санкциите раководи директорот на Управата.

(3) Организацијата и делокругот на работите што се извршуваат во Управата се определуваат со овој закон.

Член 9

(1) Управата со непосреден надзор и преку информации ја следи и проучува примената на прописите за извршување на санкциите, непосредно презема или на надлежните тела им предлага мерки за подобрување на условите за извршување на санкциите, дава стручна помош за извршување на санкциите, собира и обработува статистички податоци и врши други работи предвидени со овој закон и други прописи.

(2) Управата соработува со други државни органи, научни и други установи и здруженија и други правни лица заради подобрување на условите за извршување на санкциите и помош по отпуштањето на осудените лица.

(3) Управата за состојбата и работењето на казнено-поправните установи еднаш годишно ја известува Владата и јавноста.

Член 10

Надзор врз работата на органите и другите институции за извршување на санкциите и на законитоста во извршувањето на санкциите вршат органите определени со овој закон.

Член 11

(1) Република Македонија ги обезбедува средствата за извршување на санкциите.

(2) Лицата спрема кои се применуваат санкциите не ги плаќаат трошоците на извршувањето, освен трошоците на извршувањето на паричната казна.

Член 12

На лицата отпуштени од извршувањето на санкциите им се укажува помош.

Член 13

Правото за употреба на јазикот на осудените лица во комуникацијата со Управата, установата или другите државни органи се користи согласно со одредбите на Законот за општата управна постапка.

## ДЕЛ ПРВИ

## НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

## А. УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

### Глава II

1. Надлежност на Управата за извршување на санкциите

Член 14

(1) Управата го организира, спроведува и врши надзор на извршувањето на казната затвор, малолетничкиот затвор, алтернативните мерки општокорисна работа и куќен затвор, заштитниот надзор изречен со одлука за условна осуда или за условен отпуст, како и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом.

(2) Управата е орган во состав на Министерството за правда со својство на правно лице.

(3) Управата обезбедува континуирана обука и усовршување на вработените.

(4) Управата остварува соработка со установи, здруженија и организации кои се занимаваат со проблемите на извршувањето на санкциите.

2. Раководење со Управата

Член 15

(1) Со Управата раководи директор.

(2) Директорот на Управата го именува и разрешува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за правда.

(3) Директорот се именува за време од пет години со право на повторен избор.

(4) За директор на Управата може да биде именувано лице кое има висока школска подготовка VII-1 степен и работно искуство од најмалку пет години во областа на извршувањето на санкциите или сродни работи.

Член 16

(1) Директорот ја претставува Управата, одговорен е за законито и правилно извршување на работите од областа на извршувањето на санкциите во Републиката и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија и министерот за правда.

(2) Директорот на Управата може од редот на вработените да овласти лице кое ќе го заменува во негово отсуство или спреченост.

3. Организација на Управата

Член 17

(1) Со општите акти за организација и систематизација на работите и задачите се определуваат организационите единици за извршување на функциите на Управата.

(2) Вработените во Управата имаат статус на државни службеници.

(3) Општите акти од ставот (1) на овој член ги донесува министерот за правда.

## Б. КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ

1. Мрежа на казнено-поправни и воспитно-поправни установи

Член 18

(1) Казната затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се извршува во казнено-поправни и воспитно-поправни установи.

(2) Казнено-поправните и воспитно-поправните установи имаат својство на правно лице, а нивното финансирање како единки корисници се обезбедува преку буџетскиот корисник - Управата за извршување на санкциите.

Член 19

(1) Казнено-поправните и воспитно-поправните установи се основаат и укинуваат со овој закон.

(2) Казнено-поправните установи можат да бидат казнено-поправни домови и затвори.

(3) Казнено-поправни установи се: Казнено-поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес, Казнено-поправен дом Штип, Казнено-поправен дом од отворен вид Струга, Затвор Битола, Затвор Гевгелија, Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка, Затвор Охрид, Затвор Прилеп, Затвор Скопје, Затвор Струмица и Затвор Тетово.

(4) Воспитно-поправни установи се: Воспитно-поправен дом Тетово и Воспитно-поправен дом Скопје.

(5) Министерот за правда со општ акт врши распоредување на осудените, казнетите и малолетните лица во казнено-поправните и воспитно- поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи.

а) Казнено-поправни установи

Член 20

(1) Казнено-поправните установи (во натамошниот текст: установи) според степенот на обезбедувањето, степенот на ограничувањето на слободата и видовите на третман што се применуваат спрема осудените лица, можат да бидат установи од затворен, полуотворен и отворен вид.

(2) Установите од затворен вид имаат физичко и материјално обезбедување, како што се служба за обезбедување, оградни ѕидови, технички средства и други мерки за обезбедување со кои се спречува бегството на осудените лица.

(3) Установите од полуотворен вид имаат служба за обезбедување која ја обезбедува дисциплината и го контролира движењето на осудените лица.

(4) Установите од отворен вид немаат физичко и материјално обезбедување. Организацијата на животот и работата на осудените лица во овие установи се заснова врз самодисциплина и лична одговорност, а контрола врз нивното движење и работа вршат воспитувачи и инструктори.

(5) Во установите од отворен вид може да се организира служба заради обезбедување на објектот.

Член 21

Во установите од затворен вид се основаат полуотворени и отворени одделенија, а во установите од полуотворен вид отворени и затворени одделенија.

Член 22

(1) Во установите се основаат одделенија за прием на осудени лица (приемни одделенија).

(2) Во установите од полуотворен вид се основаат одделенија за прекршочно-казнети лица.

(3) За болни осудени лица се основа дом болница како посебна установа.

Член 23

(1) Во установите од затворен вид се основаат посебни одделенија за осудени лица странски државјани и за лица без државјанство.

(2) При извршувањето на казната затвор за лицата од ставот (1) на овој член се применуваат меѓународните документи што се однесуваат за издржувањето на казна затвор на оваа категорија осудени лица.

Член 24

Осудените малолетни лица задолжително ја издржуваат казната малолетнички затвор во посебна установа за малолетници.

Член 25

(1) Во одделни установи се основаат посебни одделенија за извршување на мерката притвор.

(2) Постапката со притворените лица се уредува со закон.

б) Воспитно-поправни установи

Член 26

(1) Воспитно-поправни установи за извршување на воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се воспитно-поправни домови.

(2) Одделни категории малолетни лица можат да ја издржуваат воспитната мерка во посебни одделенија на воспитно-поправните домови.

(3) Малолетните лица според полот се сместуваат во посебни домови, а можат да бидат сместени во еден дом, но одвоено.

2. Организација на казнено-поправните и воспитно-поправните установи

Член 27

(1) Во установите, со оглед на сложеноста и обемот на работите во функција на извршувањето на санкциите се организираат сектори за ресоцијализација, обезбедување, стопанско-инструкторски, здравствен и извршно-управен и финансиски сектор.

(2) Доколку не е неопходно организирање на секторите од ставот (1) на овој член, работите на одделни или на повеќе сектори може да ги врши едно или повеќе лица.

а) Сектор за ресоцијализација

Член 28

(1) Ресоцијализацијата претставува основна функција на казнено-поправната и воспитно-поправната установа.

(2) Секторот за ресоцијализација се организира заради остварување на воспитен процес и координирање на работите на воспитувањето, образованието и оспособувањето на осудените и малолетните лица.

(3) Работите на воспитувањето и образованието ги вршат воспитувачи и наставници.

(4) Другите сектори се должни да соработуваат во процесот на ресоцијализацијата со овој сектор.

б) Сектор за обезбедување

Член 29

(1) Работите на обезбедувањето во установата ги врши сектор за обезбедување, кое е вооружено и единствено униформирано и опремено.

(2) Секторот за обезбедување е единствена формација на Управата.

(3) Секторот за обезбедување се организира заради обезбедување на установата, спречување на бегства, одржување на внатрешниот ред и дисциплина и спроведување на осудените и малолетните лица.

(4) Со секторот за обезбедување раководи заповедник.

(5) Работите на службата секторот за обезбедување, покрај заповедникот ги вршат командири, виши надзорници, постари надзорници и помлади надзорници.

(6) Секој припадник на секторот за обезбедување кога врши службено дејствие има овластување на полицаец.

(7) Министерот за правда донесува акт за вооружувањето и начинот на вршење на работите на секторот за обезбедување и акт за униформата и ознаките на припадниците на одделението.

в) Стопанско-инструкторски сектор

Член 30

(1) Стопанско-инструкторскиот сектор ја организира работата и остручувањето на осудените и малолетните лица.

(2) Работното ангажирање на осудените лица се остварува во стопански единици што ги основаат установите или надвор од установата во правни лица и други институции, по претходно дадено мислење на инструкторскиот, секторот за ресоцијализација и здравствениот сектор.

(3) Работите на стопанско-инструкторскиот сектор ги вршат инструктори и други остручени лица.

г) Сектор за здравствена заштита

Член 31

(1) Секторот за здравствена заштита се организира заради вршење на работи на здравствена заштита, спроведување на хигиенски мерки и контрола на исхраната и водата за пиење на осудените и малолетните лица во согласност со општите прописи.

(2) Работите на секторот за здравствена заштита ги вршат лекари и други здравствени работници, со завршен соодветен степен на образование според општите прописи.

д) Извршно-управен и финансиски сектор

Член 32

(1) Извршно-управниот и финансискиот сектор се организираат заради вршење на извршните, управните, правните и финансиските работи на установата, како и за давање на правна помош на осудените и малолетните лица.

(2) Работите на извршно-управниот и финансискиот сектор ги вршат лица со завршен соодветен степен на образование од соодветна струка според општите прописи.

3. Раководење со казнено-поправните и воспитно-поправните установи

Член 33

(1) Со работата на установата раководи директор.

(2) Директорот на установата е лично одговорен за законито, правилно и навремено извршување на функцијата на установата.

(3) Директорот на установата има заменик кој го заменува во случај на негова спреченост или отсутност и го застапува во работите што тој ќе ги определи.

Член 34

(1) Директор на установа и негов заменик именува и разрешува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за правда.

(2) За директор на установа и негов заменик може да биде именувано лице кое има завршено високо образование - VII-1 степен и работно искуство од најмалку пет години во областа на извршувањето на санкциите или на сродни работи.

## В. СУДИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Член 35

Во сите основни судови се установува судија за извршување на санкциите.

Член 36

(1) Судијата за извршување на санкциите ги штити правата на осудените лица, врши надзор над законитоста во постапката за извршување на санкциите и обезбедува рамноправност и еднаквост на осудените лица пред законот.

(2) Судијата за извршување на санкциите презема активности и одлучува за:

- упатување на издржување на казната затвор;
- одлагање на издржување на казната затвор;
- прекин на издржување на казната и ставање вон сила на прекинот на издржување на казната затвор;
- пресметување на казната, доколку надлежниот суд не донел соодветна одлука;
- настапување на застареност на извршување на казната или запирање на извршување на казната поради смрт на осуденото лице, го известува надлежниот суд заради донесување на соодветна одлука;
- соработка со надлежните центри за социјална работа за постпеналната помош и извршувањето на алтернативните мерки;
- замена на паричната казна со затвор;
- плаќање на паричната казна на рати и
- други работи пропишани со закон.

## ДЕЛ ВТОРИ

## ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ИЗРЕЧЕНИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА

**Извршување на казната затвор**

**Глава III**

## ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Член 37

(1) Целта на извршувањето на казната затвор е оспособување на осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот во согласност со закон.

(2) Заради постигнување на целта на извршувањето на казната затвор кај осудените лица се развива чувството на одговорност и се поттикнуваат да го прифатат и активно да учествуваат во третманот за време на извршувањето на казната, мотивиран и насочен кон превоспитување и развивање на позитивните карактерни особини и способности што го забрзува успешното враќање во општеството.

Член 38

(1) При извршувањето на казната затвор мора да се заштити психофизичкиот и моралниот интегритет на осуденото лице и да се почитува човековата личност и достоинство.

(2) Се забранува секој облик на мачење, нечовечно или понижувачко однесување и казнување.

(3) Мора да се обезбедува правото на лична сигурност на осуденото лице и самопочитувањето на неговата личност.

Член 39

Системот на извршувањето на казната затвор се организира така што може во одвоени установи или во одвоени одделенија на одделни установи и групи во нив да се спроведе распоредување, класификација и разместување на одделни категории на осудени лица, за полесно спроведување на различни видови на третман, спречување на меѓусебното штетно влијание на осудените лица и одржување на дисциплината.

Член 40

(1) Осудените лица се распоредуваат во различни установи за извршување на казната затвор и нивната положба и системот на постапувањето се определува врз одредбите на овој закон и во согласност со судската одлука.

(2) Осудените лица од различен пол казната затвор ја издржуваат одвоено.

(3) Осудените лица кои за прв пат издржуваат казна затвор се одвојуваат од осудените лица во повраt.

(4) Казната малолетнички затвор спрема малолетните лица до наполнување на 23-годишна возраст се извршува одвоено од полнолетните лица осудени на казна затвор.

(5) Лицата кои се наоѓаат во притвор се одвојуваат од лицата кои ја издржуваат казната затвор.

Член 41

Во установа за извршување на казната затвор осудените лица се класификуваат според неопходноста за примена на мерки на третман и видот на потребниот третман, нивната возраст, личните карактеристики и други околности од значење за оцена на личноста на осуденото лице.

Член 42

(1) При распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица, мора да се има предвид видот и природата на кривичното дело и степенот на кривичната одговорност.

(2) Министерот за правда со општ акт поблиску ги определува распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица.

(3) Министерот за правда со општ акт ги определува видовите и начините на третман на осудените лица.

Член 43

На младите осудени лица треба да им се обезбедат услови кои, колку што е тоа можно, ќе ги заштитат од штетното влијание на другите осудени лица, како и да им се создадат услови за живот и работа и за културни, спортски и други активности соодветни на нивната возраст.

Член 44

(1) Осудените лица според можностите на установата и со нивна согласност се сместуваат во засебни соби за ноќевање.

(2) Осудените лица ја издржуваат казната затвор по правило групно и се распоредуваат во групи во кои можат да се применуваат мерки на воспитување и превоспитување од ист вид.

Член 45

(1) Осудените лица се должни да се придржуваат кон одредбите на куќниот ред на установата.

(2) Спроведувањето на дисциплината во установата за извршување на казната затвор се остварува строго, но справедливо и со почитување на човековата личност.

(3) Забрането е колективно казнување на осудените лица.

(4) Забранета е употреба на средства на присилба како казна.

Член 46

(1) На осудените лица им се обезбедува здравствена заштита.

(2) Осудените лица не можат да бидат подложени на медицински или други експерименти со кои се нарушува физичкиот, психичкиот и моралниот интегритет на осудените лица.

(3) Согласноста на осудените лица за нивно учество во експериментот од ставот (2) на овој член не ја исклучува одговорноста на лицето кое тоа го дозволило.

Член 47

(1) На осудените лица треба да им се овозможи работа која ќе биде корисна и соодветна на начинот на нејзиното вршење на слобода. Постигнувањето на економска корист не смее да биде единствена цел на работата.

(2) Со работата осудените лица се здобиваат и ги развиваат работните навики, ги одржуваат работните способности и се стекнуваат со стручно знаење за работа на слобода.

(3) Од осудените лица не смее да се бара да вршат работи што се опасни и штетни за нивното здравје.

(4) Работното време мора да биде соодветно со работното време на слобода.

Член 48

За поднесоците, службените дејствија и одлуките донесени во врска со примената на одредбите на овој закон осудените лица не плаќаат такса.

## Глава IV

## УСТАНОВИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

1. Надлежност на установите

Член 49

(1) Во установа од затворен вид се извршува казната затвор во траење подолго од три години, како и казната затвор над шест месеца спрема повторници порано осудувани на казна затвор.

(2) Лица осудени на казна доживотен затвор, казната ја издржуваат во согласност со одредбите за извршување на казната затвор и ги уживаат сите права и погодности, освен оние кои се ограничени со куќниот ред на установата.

Член 50

Во установа од полуотворен вид се извршува казната затвор во траење до три години кога, со оглед на кривичното дело, побудите од кои тоа е извршено и личноста на сторителот, може да се оцени дека и со извршување на казната во установа од полуотворен вид ќе се постигне целта на извршувањето на казната затвор, како и казната затвор до шест месеца спрема осудени лица за кривични дела извршени во повраt.

Член 51

Во установа од отворен вид се извршува казната затвор за осудени лица за сите кривични дела извршени од небрежност и за други кривични дела за осудени ли-

ца на казна затвор од три до пет години, доколку основано може да се очекува дека постапувањето во овие установи одговара на карактерот на кривичното дело и личноста и дека во овој вид установа со чувство на лична одговорност ќе ги извршуваат своите обврски и нема да го злоупотребат престојувањето.

Член 52

Одредбите од членовите 49, 50 и 51 на овој закон соодветно се однесуваат и на распоредувањето и третманот на осудените лица во затворено, полуотворено и отворено одделение на установите.

2. Куќен ред на установата

Член 53

(1) Во установата се донесува општ акт со кој се уредува куќниот ред и поблиску се определува организацијата на работата и се пропишува начинот на живеењето на осудените лица во установата.

(2) Општиот акт од ставот (1) на овој член го донесува директорот на установата во согласност со директорот на Управата.

## Глава V

## РАБОТНИ ОДНОСИ

1. Засновање и престанок на работен однос во казнено-поправна и воспитно-поправна установа

Член 54

За засновање и престанок на работен однос и на работните односи во казнено-поправните и воспитно-поправните установи се применуваат општите прописи за работните односи и општите и посебните прописи од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 55

Звањата на работниците во установата и работите што тие ги извршуваат се уредуваат со овој закон и со општ акт за организација и работа и за систематизација на работните места што ги донесува директорот на установата во согласност со директорот на Управата.

Член 56

(1) Вработувањето на работниците во установата се врши врз основа на јавен оглас за слободно работно место објавен во најмалку два дневни весника, од кои на еден од јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

(2) Во установа за вршење на работите може да се заснова работен однос со лице кое ги исполнува општите услови утврдени со закон и посебните услови определени со овој закон и со општиот акт за систематизација.

(3) Работен однос во установата може да се заснова со лице кое не е осудувано за кривични дела против државата, против вооружените сили на Република Македонија, против животот и телото, против слободите и правата на човекот и граѓанинот, против јавните финансии, платниот промет и стопанството, против имотот или кривично дело извршено од користољубие, против службената должност и против човечноста и меѓународното право; против кое не се води кривична постапка; на кое не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност додека трае забраната и кое е здравствено и психофизички способно за работа во установа.

(4) Во постапката за вработување, директорот на установата може да побара од надлежни државни институции податоци за пријавен кандидат за постоење на околности што можат да ја загрозуваат безбедноста на работењето на установата.

(5) Директорот на установата одлучува за избор од пријавените кандидати. Во рок од осум дена од денот на донесувањето на одлуката за избор, пријавените кандидати кои не се избрани писмено ќе бидат известени за извршениот избор. Против таа одлука, неизбраните кандидати имаат право на жалба до надлежното тело на Владата на Република Македонија во рок од осум дена од приемот на известувањето.

(6) Работниот однос се заснова со склучување на договор за работа во писмена форма.

Член 57

(1) За работно место воспитувач или наставник, работен однос може да се заснова со лице кое има завршено високо образование VII-1 степен од соодветна струка.

(2) За работно место инструктор или друго стручно лице работен однос може да се заснова со лице кое има завршено најмалку више образование VI-1 степен или ВКВ работник од соодветна струка.

Член 58

(1) За приправник во одделението за обезбедување, работен однос може да се заснова со лице кое има завршено најмалку средно образование (IV-1 степен), кое не е постаро од 25 години, кое е физички и психички способно за вршење на работи на надзорник во установа и кое го има отслужено воениот рок.

(2) За работни места командир и заповедник во службата за обезбедување, работен однос може да се заснова со лице кое има високо образование VII-1 степен, кое е физички и психички способно за вршење на овие работи во службата за обезбедување и кое го има отслужено воениот рок.

Член 59

(1) Психофизичките способности на лицето кое се прима за вршење работи во службата за обезбедување ги утврдува стручна комисија, врз основа на претходен телесен преглед и спроведен тест според посебна програма.

(2) Комисијата за утврдување на психофизичките способности од ставот (1) на овој член ја именува директорот на Управата.

(3) Програмата за утврдување на психофизичките способности на лицето кое се прима за вршење работи во службата за обезбедување ја донесува министерот за правда.

Член 60

(1) Со приправникот се заснова работен однос на определено време.

(2) Приправничкиот стаж на работното место надзорник трае една година.

(3) По истекот на приправничкиот стаж приправникот полага стручен испит за вршење на работите на надзорник пред комисија што ја именува директорот на Управата.

(4) Начинот на стручното оспособување и проверката на стручната подготвеност се утврдуваат со програма што ја донесува министерот за правда.

Член 61

(1) Со лицето кое со успех ќе го положи стручниот испит се заснова работен однос на неопределено време за работно место надзорник.

(2) На лицето кое нема да го положи стручниот испит му престанува работниот однос.

2. Работни места кај кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење

Член 62

За работните места во установите кои поради специфичностите и тежината на работите, како и посебните услови под кои тие се извршуваат во непосредните кон-

такти со осудени и малолетни лица со што битно се влијае врз намалувањето на работната способност, стажот на осигурување согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување се смета во зголемено траење и тоа секои 12 месеца ефективно поминати на тие работи им се сметаат како 16 месеца стаж на осигурување.

3. Плата на работниците во установите

Член 63

(1) На работниците во установата им се обезбедуваат плати од средствата наменети за финансирање на работата на Управата и установата.

(2) Висината на платата се определува според платни групи утврдени врз основа на видот, тежината и сложеноста на работите и условите под кои тие се вршат и должината на работниот стаж.

(3) Платните групи се определуваат со закон.

(4) На вработените на работни места кај кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, платата им се зголемува до 30% од утврдената плата.

4. Пензиско и инвалидско осигурување

Член 64

Општите прописи за пензиско и инвалидско осигурување се однесуваат и на работниците во установата, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 65

(1) На работниците на работни места кај кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, кај кои ќе настапи неспособност или битно намалена способност за вршење на работите на кои се распоредени, доколку не постои можност за распоредување на други работи, им престанува работниот однос.

(2) Настапувањето на неспособноста или битното намалување на способноста од ставот (1) на овој член го утврдува стручната комисија од членот 59 став (1) на овој закон.

(3) Работниците на кои по основот од ставот (1) на овој член, со оглед на промените во психофизичките својства или на општата здравствена способност, им престанува работниот однос имаат право на инвалидска пензија доколку тоа во пропишана постапка го утврди надлежен орган.

Член 66

Работниците на работни места кај кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење кои ќе остварат право на пензија имаат право на отпремнина согласно со општите прописи.

5. Едукација на вработените

Член 67

(1) Вработените имаат право и обврска на континуирана обука, едукација и проверка на нивните знаења и способности.

(2) Обуката и едукацијата се извршуваат во Тренинг-центар во состав на Управата за извршување на санкциите.

(3) Актот за основање и организација на Тренинг-центарот го донесува министерот за правда, а програмата за обуката и едукацијата ја донесува директорот на Управата во согласност со министерот за правда.

(4) Средствата за работа на Тренинг-центарот се обезбедуваат со Буџетот на Република Македонија.

**Глава VI**

## ФИНАНСИРАЊЕ НА УСТАНОВИТЕ

1. Обезбедување на средства за работа

Член 68

(1) Средствата за работа на Управата, установите и воспитно-поправните установи се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, сопствени приходи и други приходи во согласност со закон.

(2) Установите и воспитно-поправните установи како единки корисници се финансираат преку буџетскиот корисник - Управата.

(3) Од остварените приходи од самофинансирачки активности задолжително се издвојуваат средства за изградба и опремување на установите и службата за обезбедување.

Член 69

Средствата за работа на установите и воспитно-поправните установи и Управата се состојат од: средства за плати и надоместоци на вработените; средства за стоки и услуги; за храна, облека, здравствена заштита и други наменски потреби на осудените и притворените лица; за надоместок за работа на осудените лица; за набавка на униформи, вооружување и друго опремување на службата за обезбедување; за стручно усовршување на вработените, за спроведување на осудените и притворените лица до надлежен орган, односно за упатување на осудени лица во установата и при отпуштање од установата; за набавка на капитални средства и за изградба, реконструкција и одржување на објектите и опремата во установите и управата.

Член 70

(1) Владата на Република Македонија донесува програма со определена висина на средства за изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на установите и ја утврдува нивната поблиска намена.

(2) За обезбедување на услови за работа во установите и за реализација на програмата од ставот (1) на овој член се грижи Управата.

**Глава VII**

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА СТОПАНСКИТЕ ЕДИНИЦИ

1. Организирање на стопански единици

Член 71

Во состав на установите и воспитно-поправните установи, како нивни организациони единици, може да се организираат една или повеќе стопански единици заради работа на осудените и малолетните лица.

Член 72

Приходите и расходите на стопанските единици се составен дел на буџетите на установите.

Член 73

(1) Стопански единици се организираат заради остварување на целта на извршувањето на санкциите.

(2) Производите и услугите добиени од стопанските единици првенствено се наменети за потребите на установите по цена на чинење. Вишокот на производи се продава на слободниот пазар во постапка и начин определени со закон.

Член 74

(1) Со работата на стопанската единица може да раководи раководител.

(2) Раководителот го назначува директорот на установата.

Член 75

(1) Стопанската единица нема својство на правно лице и во прометот настапува во име и за сметка на установата.

(2) Приходите што ги остварува стопанската единица се уплатуваат на трезорска сметка и ќе се евидентираат на посебна сметка за самофинансирачки активности.

Член 76

Стопанската единица на остварениот приход и добивка не плаќа данок и други обврски, освен данокот на додадена вредност.

## Глава VIII

## НАДЗОР ВО РАБОТАТА НА УСТАНОВИТЕ

### 1. Стручно-инструкторски надзор во извршувањето на санкциите

Член 77

(1) Управата преку свои инспектори врши стручно-инструкторски надзор врз работата на установите.

(2) Стручно-инструкторскиот надзор се состои во обезбедување казната затвор да се извршува соодветно со основните начела утврдени со овој закон, со настојување притоа да дојдат до израз современите пенолошки принципи за унапредување и развој на системот на извршувањето на санкциите, како и позитивните искуства од функционирањето на современите системи за извршување на казната затвор, како и во анкетирање, согледување и анализа на состојбите и отстранување на проблемите и слабостите во работата на установите.

(3) Стручно-инструкторскиот надзор од ставот (2) на овој член непосредно го остварува инспектор за извршување на санкциите.

(4) Во вршењето на надзорот инспекторот може да ангажира учество на научни и стручни установи или одделни научни и стручни работници од соодветната област.

### 2. Судски надзор во извршувањето на санкциите

Член 78

Судски надзор во извршувањето на санкциите во однос на постапувањето со осудените лица и во остварувањето на нивните права и обврски врши судија за извршување на санкциите во основниот суд во седиштето на установата.

Член 79

Директорот на установата е должен на инспекторот за извршување на санкциите и на судијата за извршување на санкциите да им ја обезбеди на увид потребната документација, да им овозможи непречена работа во вршење на надзорот и непречен разговор со осудените лица и, зависно од потребите, со и без присуство на работници на установата.

Член 80

(1) За извршениот надзор и утврдените состојби, инспекторот за извршување на санкциите и судијата за извршување на санкциите составуваат, секој во рамките на своите овластувања, записник.

(2) Кога при извршената инспекција од ставот (1) на овој член инспекторот за извршување на санкциите и судијата за извршување на санкциите утврдат неправилности, донесуваат решенија за отстранување на утврдените неправилности во определен рок и за воспоставување на повредените права на осудените лица.

Член 81

Инспекторот за извршување на санкциите и судијата за извршување на санкциите меѓусебно се известуваат за утврдените состојби во установата и за утврдените незаконитости при вршењето на надзорот.

### 3. Надзор од страна на Државната комисија во извршувањето на санкциите

Член 82

(1) Владата на Република Македонија основа Државна комисија за вршење надзор во установите, составена од пет члена од редот на судии, пенолошки, социјални и просветни работници, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија и од научни и стручни работници од други институции за време од пет години.

(2) Државната комисија од своите членови избира претседател и негов заменик.

(3) Државната комисија има задача со повремени посети на установите да ги согледува состојбите во однос на примената на законот и другите прописи и правила за извршувањето на санкциите, третманот на осудените лица, условите во кои тие живеат и работат и да спроведува анкета за положбата и правата на осудените лица. Директорот на установата е должен да и овозможи увид во состојбите и во документацијата на установата и да и овозможи разговор со осудените лица без присуство на службени лица на установата.

(4) За утврдените состојби Државната комисија составува записник со соодветни предлози и мерки и определува рок за отстранување на неправилностите.

(5) Записникот од ставот (4) на овој член со предлозите и мерките, Државната комисија го доставува до Владата на Република Македонија, Управата и судот надлежен за извршување на санкциите.

(6) Установите и Управата се должни да постапат по забелешките на Државната комисија и во определениот рок да ги отстранат неправилностите.

## Глава IX

## ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

### 1. Упатување на осудени лица

Член 83

(1) Надлежен орган за преземање на потребните дејствија заради извршување на казната затвор е судијата за извршување на санкциите според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице.

(2) Ако живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице е непознато, надлежен за упатување на осуденото лице на извршување на казната затвор е судот што ја донел првостепената одлука.

(3) Судот што ја донел првостепената одлука, ако не се знае живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице или ако осуденото лице е недостапно, ќе побара од Министерството за внатрешни работи да го пронајде и веднаш да го извести судот за неговата адреса.

(4) Постапката за упатување на осудените лица е итна.

Член 84

Судот што ја донел првостепената одлука ќе му ги достави на основниот суд за извршување на санкциите, заедно со одлуката за извршување и сите податоци за личноста на осуденото лице прибавени во текот на постапката од значење за извршување на казната затвор.

Член 85

Судијата за извршување на санкциите е должен да ги преземе потребните дејствија заради извршување на казната затвор веднаш по приемот на извршната одлука, а најдоцна во рок од осум дена по нејзиниот прием.

Член 86

(1) Повикувањето за извршување на казната затвор на осуденото лице се врши на начин што лично му се доставува упатен акт во кој е означен денот кога треба да се јави во определена установа.

(2) Со упатниот акт осуденото лице се предупредува дека доколку не се јави во определениот ден во установата ќе биде присилно спроведено и ќе ги сноси трошоците на спроведувањето.

(3) Денот на јавувањето во установата се одредува така што на осуденото лице да му останат најмалку осум, а најмногу 13 дена од денот на приемот на упатниот акт.

Член 87

(1) Судијата за извршување на санкциите со доставувањето на упатниот акт на осуденото лице истовремено ја известува и установата за денот во кој осуденото лице треба да се јави и доставува препис од правосилната и извршна пресуда со која е изречена казната, извод од казнената евиденција, како и други податоци за личноста на осуденото лице со кои располага.

(2) Ако осуденото лице не се јави во определениот ден на извршување на казната затвор, установата за тоа без одлагање ќе го извести судијата за извршување на санкциите.

(3) Судијата за извршување на санкциите во случајот од ставот (2) на овој член веднаш ќе издаде наредба до Министерството за внатрешни работи за приведување на осуденото лице со која, исто така ќе побара, доколку осуденото лице се крие или се наоѓа во бегство, органот да издаде и потерница за пронаоѓање и спроведување на осуденото лице во установата за извршување на казната затвор.

Член 88

(1) Судијата за извршување на санкциите донесува решение за наплата на трошоците од осуденото лице направени за неговото пронаоѓање и спроведување во установата.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член осуденото лице има право на жалба до кривичниот совет на судот надлежен за извршување на санкцијата во рок од три дена од приемот на решението.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

2. Одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор

Член 89

(1) На осуденото лице кое се наоѓа на слобода може по негова молба да му се одложи почетокот на извршувањето на казната затвор, ако:

1) се наоѓа на болничко лекување од потешка акутна болест или од зависности;

2) се случила смрт или тешка болест во потесното семејство на осуденото лице;

3) одлагањето е потребно заради извршување или довршување на неодложни полски или сезонски работи, или работи предизвикани од елементарна непогода, или со друга несреќа, а во семејството на осуденото лице нема доволно друга работна сила;

4) осуденото лице е обврзано да изврши одредена работа што веќе ја започнало, а поради неизвршувањето на таа работа би настапила позначителна штета;

5) одлагањето на осуденото лице му е потребно заради завршување на училишната година или за полагање на испит за кој се подготвувало;

6) заедно со осуденото лице се осудени неговиот брачен другар или други членови на заедничкото домаќинство, или ако некои од нив се наоѓаат на издржување на казната, а со упатувањето на сите овие лица на издржување на казна би била загрозена издршката на старите, болните или малолетните членови на семејството, или би се довело во прашање нормалното стопанисување на домаќинството;

7) е осудена жена чие дете е помало од една година или која е бремена, а до породувањето не преостануваат повеќе од три месеца и

8) е потребно осуденото лице одредено време да се грижи за воспитување и чување на децата или згрижување на немоќни лица за кои е должно да се грижи, според мислењето на органите за социјална заштита на општината на чие подрачје децата или тие лица имаат живеалиште или престојувалиште.

(2) Извршувањето на казната во случаите од ставот (1) точка 1 на овој член може да се одложи додека трае болеста, односно лекувањето, во случаите од точките 2 до 4 и точката 8 најдолго за три месеца, во случаите од точката 5 до завршување на училишната година и шест месеца за испит, во случаите од точката 6 најдолго за шест месеца, а во случаите од точката 7 до наполнувањето на една година од животот на детето.

(3) Осуденото лице на кое му е одложено издржувањето на казната по основ од ставот (1) точка 1 на овој член, е должно на секои 30 дена да достави веродостоен доказ за неговата здравствена состојба.

(4) Во случаите од ставот (1) точка 1 на овој член молба за одлагање на почетокот на извршувањето на казната може да поднесе и неговиот брачен другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител.

Член 90

(1) Молбата за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор се поднесува во рок од три дена од денот на приемот на упатниот акт. Ако причината за одлагање од членот 89 став (1) точки 1 и 2 на овој закон настанала по тој рок, молбата може да се поднесе до денот кога осуденото лице треба да се јави заради извршување на казната.

(2) Кон молбата се прилагаат веродостојни докази за причините кои го оправдуваат одлагањето.

(3) По молбата за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор решава судијата за извршување на санкциите, кој е должен да донесе решение во рок од три дена по приемот на молбата. Пред донесувањето на решението тој може да ги извиди околностите наведени во молбата. До донесувањето на решението по молбата се одлага почетокот на извршувањето на казната.

Член 91

Против решението донесено по молбата за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор, осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет на судот надлежен за извршување на санкцијата во рок од три дена од денот на приемот на првостепеното решение. Жалбата го одлага извршувањето на казната. Кривичниот совет е должен да донесе решение по жалбата во рок од три дена по приемот на жалбата.

Член 92

(1) Ако осуденото лице на казна затвор е повикано на отслужување на воениот рок или воена вежба, се упатува на издржување на казната пред отслужувањето на воениот рок, односно воената вежба.

(2) Ако лицето кое во текот на отслужувањето на воениот рок или за време на воена вежба е осудено на казна затвор до шест месеца за кривично дело сторено пред да отпочне со отслужување на воениот рок или на воената вежба, ќе му се одложи почетокот на извршувањето на казната до завршувањето на воениот рок, односно воената вежба.

(3) Извршувањето на казната се одлага и на осудено лице на казна затвор или малолетнички затвор до две години, ако е изречена за кривично дело сторено пред да отпочне со отслужувањето на воениот рок, а до завршувањето на воениот рок не му преостануваат повеќе од шест месеца.

Член 93

(1) Кога надлежниот јавен обвинител, врз основа на законското овластување ќе побара одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор, судијата за из-

вршување на санкциите нема да го повика осуденото лице, а ако веќе го повикал, но уште не поминал рокот за јавување во установата, ќе донесе решение за одлагање на почетокот на извршувањето на казната.

(2) Одлагањето на почетокот на извршувањето на казната во случаите од ставот (1) на овој член трае додека јавниот обвинител не го извести судијата за извршување на санкциите дека може да се отпочне со извршувањето на казната затвор, односно до донесувањето на одлука по правното средство на јавниот обвинител.

(3) Одлуката за одлагање на почетокот на извршувањето на казната донесена по барање на јавниот обвинител престанува да важи ако јавниот обвинител во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката не употреби правно средство.

Член 94

(1) Судијата за извршување на санкциите може, по спроведената постапка, да го отповика одложениот почеток на извршувањето на казната затвор ако престанат причините поради кои тоа е дозволено, како и кога осуденото лице не го користело одобреното одлагање за целите за кои тое е дадено.

(2) Центарот за социјална работа, јавниот обвинител и органот за внатрешни работи ќе го известат судијата за извршување на санкциите за причините за отповикување на решението за одлагање на казната затвор.

Член 95

Одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор може да одреди и надлежниот суд за решавање по барање за повторување на кривичната постапка поднесено во корист на осуденото лице, по барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда и по барање за замена на казната затвор со парична казна, под условите предвидени со закон.

Член 96

(1) Судијата за извршување на санкциите ќе ја отфрли како недозволена повторно поднесената молба по ист основ од членот 89 на овој закон за одлагање на почетокот на извршувањето на казната.

(2) Повторно поднесената молба не го одлага почетокот на извршувањето на казната.

3. Прием на осудени лица

Член 97

(1) При приемот на осуденото лице во установата се утврдува неговиот идентитет врз основа на податоците во личната карта или друга исправа подобна за утврдување на идентитетот.

(2) Податоците во пресудата за осуденото лице треба да се идентични со податоците содржани во личните исправи врз основа на кои се утврдува идентитетот на осуденото лице.

(3) Доколку податоците од ставот (2) на овој член не се идентични или не може да се утврди идентитетот на осуденото лице, установата е должна во рок од 24 часа да преземе мерки за утврдување на идентитетот преку евиденцијата на Министерството за внатрешни работи.

(4) Осуденото лице при приемот во установата се фотографира и дактилоскопира и се врши скенирање на документацијата.

Член 98

(1) Податоците за денот и часот на приемот на осуденото лице во установата, неговиот идентитет, бројот на упатниот акт и бројот и датумот на пресудата, податоците од испитувањето на личноста на осуденото лице и извештајот за неговата здравствена состојба се запишуваат, комплетираат и чуваат како службени документи од доверлива природа кои им се достапни само на овластените службени лица.

(2) По приемот, осуденото лице се упатува во одделението за испитување на личноста и за утврдување на третманот и постапувањето со него (приемно одделение). Во ова одделение осуденото лице останува најмногу 30 дена.

(3) Во установите во кои се извршува казната затвор до три години во приемното одделение осуденото лице се задржува до 15 дена.

Член 99

Во приемното одделение осуденото лице се запознава со куќниот ред во установата, правата и обврските за време на издржувањето на казната и начинот на нивното остварување.

Член 100

(1) За приемот на осуденото лице во установата веднаш се известува судијата за извршување на санкциите.

(2) Установата е должна за приемот на осуденото лице да го извести надлежниот центар за социјални работи.

(3) Установата во известувањето од ставот (2) на овој член е должна да укаже ако осуденото лице има малолетни деца или други лица за кои единствено само тој се грижи.

## Глава X

## ПОЛОЖБА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

1. Класификација на осудените лица

Член 101

Тргнувајќи од општите начела за извршување на казната затвор и положбата на осуденото лице определена со судската пресуда, како и од целите и критериумите на класификацијата, стручниот тим на установата и директорот ја утврдуваат класификацијата, сместувањето, програмата за третман и работното ангажирање на осуденото лице.

2. Сместување на осудените лица

Член 102

Просториите за сместување на осудените лица треба да ги исполнуваат основните хигиенски услови и да бидат сообразени со климатските услови на средината, да бидат соодветно опремени, да го овозможуваат потребното проветрување и во нив да навлегува доволно дневна светлина.

Член 103

(1) Просториите во кои се сместуваат осудените лица не смеат да бидат влажни и за секое осудено лице просечно треба да се обезбеди најмалку 9 $м^3$ простор.

(2) Просториите во кои престојуваат и работат осудените лица мора да ги имаат потребните санитарни и хигиенски инсталации и да се обезбедат други услови за одржување на личната хигиена, мора да бидат доволно осветлени за работа и читање, така што на осудените лица да не им се оштетува видот и мора да бидат затоплени и проветрени.

(3) Сите простории во установата се одржуваат уредно и чисто.

(4) Како погодност на осудените лица може да им се дозволи украсување на просториите, доколку со тоа не се нарушува куќниот ред.

Член 104

(1) Осудените лица ноќе согласно со можностите на установата се сместени во посебни соби, освен во случаи кога се смета дека заедничкото сместување на осудените лица има некои предности.

(2) Кога осудените лица се сместуваат во заеднички простории треба внимателно да се избираат осудените лица на кои им одговара дружење со другите осудени лица во овие установи. Ноќе мора да постои надзор, сообразно со карактерот и видот на установата.

(3) Сместувањето на осудените лица во заеднички простории не смее да го надминува бројот од пет лица во една соба за ноќевање.

(4) Секое осудено лице мора да има посебна постела.

3. Облека и постелнина на осудените лица

Член 105

(1) На осудените лица им се обезбедува облека.

(2) На осудените лица може да им се дозволи да носат сопствена облека.

(3) На осудените лица кои работат им се обезбедува работна облека.

(4) Облеката, долната облека и обувките треба да одговараат на климатските услови и годишното време.

Член 106

(1) Облеката не смее на кој било начин да влијае деградирачки или понижувачки.

(2) Облеката и обувките треба да бидат чисти и во исправна состојба. Долната облека треба да се менува толку често колку што е потребно да се одржува личната хигиена.

(3) Кога осуденото лице ќе добие дозвола за излегување надвор од установата, мора да му се дозволи носење на облека која не предизвикува внимание на околината.

Член 107

(1) На осуденото лице мора да му се обезбеди соодветна постелнина која одговара на климатските услови.

(2) Постелнината треба да се одржува во добра состојба и да се менува толку често колку што е потребно да биде секогаш чиста.

4. Лична хигиена на осудените лица

Член 108

(1) Осудените лица се должни да ја одржуваат личната хигена за што е потребно да им се обезбеди вода и хигиенски прибор, неопходни за одржување на хигиената и зачувување на здравјето.

(2) Од здравствени причини, како и за да го сочуваат добриот изглед и самопочитувањето, на осудените лица треба да им се овозможи одржување на косата, потстрижување, а на машките лица и бричење.

5. Исхрана на осудените лица

Член 109

(1) На осудените лица им се обезбедува исхрана која дневно мора да има најмалку 12.500 џули по едно осудено лице.

(2) Храната се дава во три оброци дневно, во вообичаени термини за тоа и пристојно сервирана.

(3) Храната мора да одговара на научните сознанија за прехранување и мора да биде разновидна и вкусно подготвена.

(4) Министерот за правда донесува акт за нормативите за подготвување на храна.

Член 110

(1) За сите осудени лица храната е иста и им се овозможува избор на храна што се подготвува во установата.

(2) Осудените лица кои работат на потешки работи добиваат четири оброци дневно.

(3) Болните осудени лица, бремените жени и породилките пред и по породувањето, добиваат храна според видот и количеството што го определува лекар.

(4) Директорот, лекарот или друго стручно лице во установата секој ден пред делењето на оброците го проверуваат квалитетот на храната и тоа што ќе го утврдат го внесуваат во контролната книга.

(5) На осудените лица во секое време им се обезбедува здрава вода за пиење.

6. Одмор на осудените лица

Член 111

Осудените лица имаат право на осумчасовен непрекинат одмор во текот на денот и на еден ден одмор во неделата.

Член 112

На осудените лица мора да им се обезбеди надвор од затворените простории да поминат најмалку два часа дневно.

7. Работа на осудените лица

Член 113

(1) Осудените лица работат сообразно со своите физички и психички способности што ги утврдува лекарот на установата.

(2) При определувањето на работното ангажирање, имајќи ги предвид можностите на установата ќе се води сметка и за желбата на осуденото лице за вршење на определени работи.

Член 114

(1) Работата на осудените лица се организира и врши, по правило, во стопански единици во установата.

(2) Осудените лица со третман на отворено одделение можат да работат и надвор од установата. Осудените лица со третман на полуотворено одделение можат да работат повремено и под надзор во правни лица и други институции, доколку се обезбедени услови за извршување на казната затвор определени со овој закон и доколку се обезбедени минимални технички услови за работа.

(3) Лицето осудено на казна затвор до шест месеца за кривично дело што не е поврзано со природата на работата, може во работно време да работи во правното лице каде што работело пред издржувањето на казната.

(4) Согласност за работа надвор од установата дава директорот на Управата кој склучува договор со правното лице, односно институцијата и обезбедува писмена согласност на осуденото лице.

Член 115

(1) Полното работно време на осудените лица е 40 часа неделно.

(2) По исклучок, полното работно време на осудените лица може да трае и повеќе од 40 часа неделно, во случаите и под условите определени со закон.

(3) Надвор од полното работно време осудените лица можат да работат најмногу до два часа дневно на работи потребни за одржување на хигиената и на други тековни работи неопходни за нормален живот во установата.

(4) На осудените лица кои посетуваат настава по основно или средно образование им се скратува траењето на полното работно време.

Член 116

(1) Осудените лица имаат право на надоместок за работата.

(2) Висината на надоместокот се определува во зависност од видот, количеството и квалитетот на призводот и на работата што ја остварило осуденото лице, неговата острученост за извршување на тој вид работа, ангажираноста во работата и придонесот за намалување на трошоците во производството.

(3) На надоместокот и на наградите за работа на осудените лица не се плаќа данок и други придонеси.

(4) Со општ акт на министерот за правда во согласност со одредбите на овој закон, поблиску се определува надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата кои без своја вина не работат им се обезбедуваат најнеопходни средства за задоволување на личните потреби.

Член 117

(1) Осудените лица кои без своја вина се времено неспособни за работа поради болест имаат право на надоместок од средствата остварени од работа на осудените лица, со соодветна примена на општите прописи за здравствено осигурување.

(2) Осудените лица кои без своја вина не работат, а немаат сопствени средства, установата им ги обезбедува најнеопходните средства за задоволување на личните потреби.

Член 118

Од надоместокот за работа осуденото лице 70% може да искористи за задоволување на личните потреби, а остатокот од 30% се чува како депонирани средства во установата и му се предава на осуденото лице при отпуштањето од издржувањето на казната, или по негово барање во текот на издржувањето на казната се дава на неговото семејство.

Член 119

За пронајдоци и технички унапредувања остварени во текот на издржувањето на казната на осудените лица им припаѓаат правата според општите прописи.

Член 120

(1) Осудените лица кои за време на издржувањето на казната работеле повеќе од шест месеца, вклучувајќи го и времето за лекување поради повреда на работа или професионална болест, имаат право на непрекинат одмор во текот на една година, според општите прописи.

(2) Доколку со овој закон поинаку не е определено, одморот се користи во посебни простории на установата. Престојот во овие простории во текот на годишниот одмор треба да биде организиран така што да овозможува опуштање, рекреација и одмор на осуденото лице.

(3) За време на користењето на одморот осуденото лице прима надоместок за работа како да работел.

Член 121

(1) Просториите и работилниците во кои работат осудените лица современо се опремуваат.

(2) При организирањето на просториите и работилниците се води сметка за еколошка заштита на животната средина, на земјиштето, воздухот и водите од секаков вид загадување.

Член 122

(1) Осудените лица при работа користат минимални технички услови за заштита при работа според општите прописи.

(2) Осудените лица имаат право на инвалидско осигурување за несреќа на работа или професионална болест.

8. Пензиско осигурување на осудените лица

Член 123

На осудените лица за време на издржувањето на казната им се признава во пензиски стаж времето што непрекинато ќе го поминат на работа со полно работно време според општите прописи, доколку од надоместокот за работа ги плаќаат определените придонеси.

9. Здравствена заштита на осудените лица

Член 124

(1) Во установите задолжително се вработува лекар кој се грижи за здравствената состојба на осудените лица.

(2) Осудените лица имаат право на здравствена заштита според општите прописи.

(3) На осудените лица им се обезбедува потребна медицинска помош и болничко лекување според општите прописи.

(4) Трошоците за здравствена заштита на осудените лица паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија.

Член 125

(1) Лекарот мора да го прегледа секое осудено лице и да ја утврди неговата здравствена состојба при приемот на издржувањето на казната и при отпуштањето од установата.

(2) Податоците за здравствената состојба се внесуваат во личниот лист на осуденото лице.

Член 126

Осудените лица кај кои ќе се утврдат телесни и душевни растројства како и одделни зависности, подлежат на медицински третман во установата, а кога тоа е потребно врз основа на наод на лекар се упатуваат во соодветна здравствена установа.

Член 127

Осудените лица за кои се сомнева дека боледуваат од некоја заразна болест, или кај кои е забележано дека имаат телесни или душевни оштетувања што можат да го попречат вклопувањето во средината, по наод и упат на лекарот, ќе се сместат во посебни простории на установата.

Член 128

Осудените лица кои за време на издржувањето на казната душевно ќе заболат или покажуваат тешка психичка растроеност утврдена од лекар - психијатар, установата ќе ги упати во соодветна здравствена установа на лекување и чување додека не престане потребата од нивно натамошно лекување и чување, што се утврдува според општите прописи.

Член 129

(1) Заболено осудено лице може да бара специјалистички лекарски преглед на свој трошок, доколку таков преглед не определи лекарот на установата.

(2) За барањето на осуденото лице одлучува директорот на установата по прибавено мислење од лекарот на установата.

Член 130

Времето поминато на лекување на осуденото лице му се смета во времето поминато на издржување на казната затвор.

Член 131

(1) Ако осуденото лице со одбивање на употреба на храна или со одбивање на лекување го доведува во опасност својот живот или здравје, спрема него можат да се применат неопходни медицински мерки и без негова согласност заради исхрана и лекување.

(2) За трошоците за примена на неопходните медицински мерки од ставот (1) на овој член одлучува директорот на установата, согласно со куќниот ред на установата.

Член 132

За секоја потешка болест и за потешко нарушување на здравствената состојба на осуденото лице установата ќе го извести неговото семејство.

Член 133

Врз младите полнолетни лица најмалку еднаш во годината се врши систематски преглед.

Член 134

(1) На осудените жени за време на бременоста, породувањето и мајчинството во однос на отсуството од работа се применуваат општите прописи.

(2) На осудени бремени жени и породилки им се обезбедува стручна лекарска нега.

(3) Осудените бремени жени по предлог на лекарот се упатуваат во породилното одделение во установата, по правило, четири недели пред породувањето.

(4) Осудените бремени жени по правило се породуваат во општите здравствени установи, освен во случаите кога во установата се обезбедени потребните услови за безбедно породување на осудената бремена жена.

(5) Во породилното одделение осудената породилка по правило останува до навршената една година од животот на детето, ако не биде пред тоа отпуштена од издржувањето на казната.

(6) Во матичната книга на родените не смее да е содржан податок дека детето е родено во казнено-поправна установа.

10. Образование на осудените лица

Член 135

(1) Во установите задолжително се организира основно образование како дел на општиот систем на образование и воспитување.

(2) Образованието на осудените лица може да се организира во самата установа или во местото на седиштето на установата.

(3) Министерството за образование и наука е должно да го организира  и финансира основното образование на осудените лица по предлог на Управата.

Член 136

(1) На осудените лица кои ќе го завршат соодветниот вид и степен на образование им се издава сведителство.

(2) Од сведителството не смее да се види дека образованието и воспитанието е стекнато во казнено-поправна установа.

(3) На осуденото лице може да му се одобри вонредно школување на негов трошок во сите видови на образовни установи на слобода, ако со тоа не се нарушува куќниот ред и работата во установата.

Член 137

Установите можат да организираат и посебни форми за стручно оспособување на осудените лица во вид на курсеви, семинари и други видови на стручно оспособување со практична работа, согласно со општите прописи за стручно оспособување.

11. Слободни активности, спорт и рекреација на осудените лица

Член 138

(1) Во установите мора да се обезбедуваат услови за организирање и развој на спортот, рекреацијата и другите слободни активности, од значење за одржување на телесното и душевното здравје на осудените лица.

(2) Програмата за спортски активности, рекреација, стекнување и задоволување на културно-уметнички и други потреби на осудените лица, се уредува како составен дел на третманот и оспособувањето на осуденото лице. За таа цел се обезбедуваат неопходниот простор и опрема во установата.

Член 139

(1) Установите имаат библиотеки.

(2) Осудените лица можат да користат книги и дневен печат на македонски јазик и на јазикот и писмото на припадниците на етничките заедници или на јазикот од земјата на која осуденото лице зборува.

(3) Книгите и дневниот печат осудените лица можат да ги користат од библиотеката или сами да ги набавуваат.

(4) На осудените лица им се овозможува користење и на другите средства за јавно информирање и комуницирање.

12. Воспитна работа со осудените лица

Член 140

(1) Воспитната работа со осудените лица, определена со програмата, се остварува со посебна грижа и за решавање на личните и заедничките проблеми на осудените лица, со поединечни и групни разговори и со примена на соодветни методи и постапки на третман.

(2) Заради воспитно влијание, како форма на работа се користи и осуденичкото самоорганизирање, особено по прашања за подобрување на условите за заедничкиот живот и работа и за разрешување на проблемите на одделни осудени лица.

13. Задоволување на верските потреби на осудените лица

Член 141

На осудените лица им е дозволено да ги задоволуваат своите верски чувства и потреби согласно со условите и можностите на установата.

14. Контакти со надворешниот свет на осудените лица

а) Допишување

Член 142

(1) Осуденото лице има право да се допишува.

(2) Во установите од затворен вид и во затворените одделенија допишувањето се врши под надзор на установата.

(3) Директорот на установата ќе спречи доставување на писмо, ако тоа е потребно за заштита на личноста на осуденото лице, или заради безбедноста на установата.

(4) Осуденото лице има право без ограничување да се допишува со својот бранител, органите на државната власт и со меѓународните организации за заштита на човековите права.

б) Телефонирање

Член 143

(1) На осуденото лице може да му се дозволи телефонски разговор.

(2) По барање на семејството, телефонски разговор со осуденото лице ќе се дозволи ако е потребно на осуденото лице нешто итно да му се соопшти што не трпи одлагање.

(3) Телефонскиот разговор во установа од затворен вид и во затворено одделение може да се врши во присуство на службено лице.

в) Посети

Член 144

Осудените лица имаат право да примаат посети од членовите на потесното семејство, а по одобрение на директорот на установата можат да ги посетуваат и други лица.

Член 145

(1) Осуденото лице има право, по негово барање да го посети бранител или полномошник што го застапува во неговите правни или други работи.

(2) Посетата на бранителот се врши без присуство на службено лице.

Член 146

(1) Ако е осуден странски државјанин, лице без државјанство или бегалец, конзуларниот претставник на неговата држава или на државата што ги штити нејзините интереси, можат да го посетуваат осуденото лице сообразно со правилата на меѓународното право, под услови на реципроцитет.

(2) Конзуларниот претставник е должен претходно да ја најави и закаже посетата во установата во која лицето ја издржува казната.

Член 147

При вршењето на посетата, овластен работник на установата, ако тоа е потребно заради безбедноста, може да го претресе лицето кое ја врши посетата.

Член 148

(1) Посетата на осудените лица може да трае до 60 минути.

(2) Со куќниот ред на установата се одредува времето, начинот и должината на траењето на посетата.

Член 149

(1) Директорот на Управата ќе овозможи посета на претставници или на овластени лица на државните органи и други тела кои во согласност со овој закон, општите прописи и меѓународното право вршат надзор над работата на казнено-поправните установи.

(2) Директорот на Управата ќе овозможи посета на претставници или на овластени лица на надлежните државни органи да извршат увид и собирање на податоци потребни за водење на кривичната постапка.

(3) Директорот на Управата може да одобри посета на претставници на:

1) институции и здруженија кои се занимаваат со заштитата на човековите права на осудените лица;

2) средствата за јавно информирање и

3) институции, научно-образовни установи, здруженија и лица кои се занимаваат со проучување на сузбивањето и превенцијата на криминалот.

(4) Посетителот е должен да достави писмено барање со образложение за целта на посетата.

(5) Директорот на Управата може на посетителот од ставот (3) на овој член да одобри разговор со осудени лица.

(6) Директорот на Управата може да одобри фотографирање на објекти на казнено-поправната установа. Вработените, како и осудените лица во казнено-поправните установи можат да се фотографираат само со нивна согласност.

(7) Посетителите ќе се предупредат кои податоци се службена и професионална тајна и дека можат да се објават единствено по добиено одобрение од директорот на Управата.

(8) Посетата на лицата од ставот (3) на овој член може да се одложи или ускрати од безбедносни причини.

(9) Во установите се врши претрес на посетителите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

Член 150

Осуденото лице има право да го одбие фотографирањето, снимањето, како и средбата со посетителот.

г) Примање на пратки

Член 151

(1) Осудените лица имаат право да примаат пратки.

(2) Видот на предметите и тежината на пратката се одредуваат со куќниот ред на установата.

(3) Пред врачувањето на пратката нејзината содржина се прегледува во присуство на осуденото лице.

(4) Осудените лица имаат право да примаат парична пратка, со која располагаат согласно со куќниот ред на установата.

15. Склучување на брак на осудените лица

Член 152

(1) За време на издржувањето на казната осуденото лице може да склучи брак.

(2) Ако не постојат услови бракот да се склучи пред надлежниот орган на слобода, склучувањето на брак се организира во посебна просторија на установата.

16. Погодности на осудените лица

Член 153

(1) За добро поведение и залагање во работата, како и за поттикнување на добро однесување и за развивање на чувство за одговорност и за интерес и соработка во третманот што се спроведува во установата, на осудените лица можат да им се дадат одделни погодности, како што се особено:

- продолжени посети или посети без надзор во просториите на установата,
- престој со брачен или вонбрачен другар во посебна просторија без надзор,
- посети надвор од просториите на установата,
- слободен излез од установата до 7 часа,
- отсуство до 15 дена во текот на годината, со тоа што отсуството во текот на месецот не може да биде подолго од три дена и
- целосно или делумно користење на одморот надвор од установата.

(2) Заради неоправдано доцнење при враќање од излез надвор од установата повеќе од 24 часа, директорот на установата ќе издаде наредба за распишување потерница.

(3) Времето на неоправданото доцнење од излезот надвор од установата подолго од 24 часа, не се смета во издржувањето на казната.

(4) Условите и начинот на давањето на погодностите од ставот (1) на овој член и други видови на погодности со оглед на видот на установата се определуваат со куќниот ред на установата.

17. Разместување на осудените лица

а) Прогресирање на осудени лица

Член 154

(1) Осудените лица во текот на издржувањето на казната, зависно од резултатите на воспитувањето, поведението и залагањето во работата, можат да прогресираат од установа од затворен во полуотворен или отворен вид, односно во соодветните одделенија на истата установа, а по нивно барање, осудените лица можат да прогресираат од установа од полиберален вид во отворено или полуотворено одделение на установа од построг вид или пак од една во друга установа од ист вид, доколку постојат основани причини што ќе придонесат за нивна поуспешна ресоцијализација.

(2) Поблиски одредби за времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установата од определен вид или во соодветно одделение на установата од општ вид, се определуваат со овој закон и со општиот акт што го донесува директорот на Управата.

Член 155

(1) За прогресирање на осудените лица од една во друга установа одлучува директорот на Управата по предлог на директорот на установата или по барање на осуденото лице.

(2) За прогресирање на осудените лица од едно во друго одделение во установата, под условите од членот 154 на овој закон, одлучува директорот на установата.

(3) Повторно барање за прогресирање осуденото лице може да поднесе по истекот на три месеца од правосилноста на решението со кое е одлучено по неговото претходно барање.

б) Репрогресирање на осудени лица

Член 156

(1) Ако осуденото лице со своето поведение и односот кон работата не ја оправда довербата за упатување или прогресирање во установа од полиберален вид, може да биде вратено од установата со полиберален вид во установа од построг вид, односно во соодветно одделение на истата установа.

(2) За враќање на осуденото лице од установа со полиберален во установа од построг вид по предлог на директорот на установата одлучува директорот на Управата.

(3) За враќање на осуденото лице од полуотворено, односно отворено во затворено одделение на иста установа одлучува директорот на установата.

в) Преместување на осудени лица

Член 157

(1) Осуденото лице по негова молба или по предлог на директорот на установата може да биде преместено на натамошно издржување на казната затвор од една во друга установа од ист вид кога со натамошното престојување во таа установа му е загрозен животот или телесниот интегритет или поради неговиот престој во установата на друго осудено лице или кога со неговото престојување во установата се загрозува безбедносната состојба во установата.

(2) Осудено лице може да биде преместено на натамошно издржување на казната затвор од една во друга установа од различен вид само по предлог на директорот на установата кога со натамошното престојување во таа установа се загрозува безбедносната состојба во установата, неговиот живот и неговиот телесен интегритет или интегритетот на друго осудено лице, или кога поради преполнет капацитет на установата нема услови за нормално или безбедно извршување на казната затвор, или поради рационалност на судската постапка што се води против осуденото лице за време на издржувањето на казната пред суд надвор од седиштето на установата каде ја издржува казната, или од причини поради кои е неопходна соодветна здравствена заштита.

(3) За преместувањето одлучува директорот на Управата.

(4) Против решението на директорот на Управата може да се изјави жалба во рок од осум дена по приемот на одлуката до министерот за правда.

18. Прекин на издржувањето на казната на осудени лица

Член 158

(1) По молба на осуденото лице или по предлог на директорот на установата, врз основа на мислење на затворската здравствена служба и по претходно мислење на надлежниот јавен обвинител, судијата за извршување на санкциите може да го прекине издржувањето на казната подолго од 30 дена поради лекување, кога не постојат услови лекувањето да се спроведе во установата или установата да го упати во соодветна здравствена установа.

(2) Примерок од одлуката се доставува и до надлежниот јавен обвинител.

(3) Осуденото лице на кое му е дозволен прекин на издржувањето на казната заради лекување е должно секој месец да достави потврда на судијата за извршување на санкциите за неговата здравствена состојба. Ако се утврди дека престанале причините поради кои е одобрен прекинот на казната, судијата за извршување на санкциите ќе го стави вон сила решението за прекин на казната.

(4) Предлог за ставање вон сила на решението може да поднесе и надлежниот јавен обвинител. Со предлогот, јавниот обвинител може да побара судијата за извршување на санкциите да изврши независни медицински прегледи над осуденото лице.

(5) Против решението донесено по молбата за прекин на издржувањето на казната, осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет на судот надлежен за извршување на санкцијата.

Член 159

(1) На осудени лица на кои им е изречена казна затвор, директорот на Управата може да им го прекине издржувањето на казната во траење до 30 дена, од причините наведени во членот 89 од овој закон.

(2) Против решението на директорот на Управата осуденото лице има право на жалба до министерот за правда во рок од три дена од приемот на решението.

Член 160

Времето поминато на прекин на казната не се смета во издржаната казна.

Член 161

Ако по истекот на времето на прекинот на казната од членовите 158 и 159 на овој закон осуденото лице не се јави на натамошно издржување на казната, установата веднаш за тоа ќе го извести судијата за извршување на санкциите кој ќе преземе законски мерки за приведување на осуденото лице на натамошно издржување на казната затвор.

Член 162

Прекин на издржувањето на казната може да определи и надлежниот суд кога решава по некои од вонредните правни средства поднесени од странките во кривичната постапка.

19. Однос на службените лица спрема осудените лица

Член 163

(1) Службените лица во установите во извршувањето на своите работни обврски, остварувањето на третманот и воопшто во контактите или комуникацијата со осудените лица треба да се однесуваат со должно внимание кон нивната личност, спокоен пристап, толеранција, тактичност, сериозност и неопходна цврстина и правичност, што ќе ја поттикнува нивната самопочит и чувство на лична одговорност.

(2) Службените лица своите обврски треба да ги извршуваат чесно и непристрасно, без злоба и лоша намера, независно од положбата, полот, расата, националноста, вероисповедта и политичките уверувања на осудените лица.

Член 164

За време на работата и по извршувањето на работните обврски службените лица со својот изглед и однесување треба да им служат како пример на осудените лица, постојано имајќи го предвид значењето на функцијата и целите што треба да се постигнат од работата со осудените лица, во што видно место има и нивниот личен однос.

Член 165

(1) Установата и службените лица ги преземаат потребните мерки за постигнување и одржување на високо ниво на стручност и проширување на знаењата и компетентноста на личноста кои непосредно извршуваат работи во третманот на осудените лица.

(2) За остварување на работите од ставот (1) на овој член, министерот за правда донесува програма за постојано оспособување на службените лица во установите.

(3) Министерот за правда донесува кодекс за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи.

20. Заштита на правата на осудените лица со употреба на правни средства

а) Правни совети и правни средства на осудените лица

Член 166

(1) Установата е должна да им дава информации и правна помош на осудените лица во однос на користењето на правните средства и преземањето на дејствијата заради заштита на нивните права.

(2) Осуденото лице кое е неписмено, правното средство или друг поднесок може да го даде и на записник во установата.

Член 167

(1) Осудените лица за заштита на своите права во врска со положбата и третманот во установата, по прашања во врска со осудата, како и за заштита на семејството и неговите интереси, имаат право да поднесуваат правни средства, претставки и други поднесоци до надлежните органи и други институции и од нив да добиваат одговор.

(2) Правните средства, претставките, другите поднесоци од ставот (1) на овој член и добиените одговори се упатуваат и добиваат преку установата.

(3) На правното средство, претставката и другите поднесоци и на обвивката на добиените одговори во установата, ќе се констатира времето и датумот на приемот и веднаш ќе се упатат до адресантот односно одговорот ќе му се предаде на осуденото лице.

(4) Осудените лица имаат право на дискреција во поднесувањето на правните средства.

Член 168

Осудените лица имаат право на усна поплака до директорот на установата или лице овластено од него за повредено право или сторена друга неправилност.

Член 169

(1) Осудените лица имаат право и на писмена поплака до директорот на установата, во рок од осум дена од денот на повредата на правото или од сознавањето за повредата на правото.

(2) Неписмените лица имаат право писмената поплака од ставот (1) на овој член да ја поднесат на записник пред службено лице на установата овластено од директорот на установата.

Член 170

(1) Директорот на установата е должен да ги испита наводите во поплаката и да донесе решение во рок од осум дена од денот на приемот на поплаката.

(2) Против решението на директорот на установата или доколку директорот не се произнесе по поднесената поплака во рокот предвиден во ставот (1) на овој член, осуденото лице има право на жалба во рок од осум дена до директорот на Управата.

Член 171

(1) Директорот на Управата е должен да ги испита наводите во жалбата и да донесе решение во рок од 15 дена од приемот на жалбата.

(2) Решението на директорот на Управата од ставот (1) на овој член е конечно и осуденото лице има право на судска заштита.

(3) Осуденото лице има право на судска заштита и во случај ако не добие одговор од Управата во рокот определен во ставот (1) на овој член.

Член 172

Против решението на надлежниот суд за прекин на казната подолго од 30 дена, како и во други случаи определени со овој закон, осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до повисокиот суд во рок од три дена од приемот на решението.

Член 173

(1) Ако со овој закон поинаку не е определено, жалбата на осуденото лице не го одлага извршувањето на решението против кое е изјавена жалба.

(2) Постапката за заштита на правата на осудените лица со употреба на правни средства е итна.

б) Право на жалба на осудените лица до меѓународни тела и органи

Член 174

(1) Осуденото лице може да поднесе барање до Европскиот комитет за превенција од тортура и нечовечко постапување и до Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации кога смета дека му се повредени основните човекови права во текот на издржувањето на казната.

(2) На барање од телата од ставот (1) на овој член, директорот на Управата целосно ќе ги испита наводите на осуденото лице и за утврденото, преку Министерството за правда, ќе го извести соодветното тело, односно орган.

(3) Директорот на Управата ќе им овозможи на претставниците на телото, односно органот од ставот (1) на овој член непосреден увид и разговори со осудените и службените лица за утврдување на состојбите по барањето на осуденото лице упатено до телото, односно органот.

21. Заштита на правата на соработниците на правдата

Член 175

(1) Соработник на правдата кој се наоѓа на издржување на казната затвор во Република Македонија ужива посебна заштита утврдена со посебен акт донесен од министерот за правда.

(2) Соработник на правдата од друга држава ќе биде прифатен на издржување на казната затвор во Република Македонија согласно со постапка утврдена со позитивните законски прописи и ратификуван меѓународен договор.

## Глава XI

## ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ И ДИСЦИПЛИНАТА

1. Должност на осудените лица за одржување на редот и дисциплината

Член 176

(1) Редот и дисциплината се одржуваат во интерес на безбедноста на установата, за да се овозможи заеднички живот на осудените лица и за постигнување на целите на третманот.

(2) Осудените лица се должни да се придржуваат на одредбите на овој закон и на куќниот ред, да ги исполнуваат обврските од програмата за третман и да се придржуваат на наредбите на службените лица.

2. Дисциплинска и материјална одговорност на осудените лица

Член 177

(1) Дисциплинските повреди можат да бидат потешки и полесни повреди.

(2) Потешки дисциплински повреди се:

- неисполнување на наредба на службено лице со што би се предизвикале поголеми нарушувања во работењето на установата,
- физички напад на службено или друго осудено лице,
- внесување или изготвување на предмети што можат да се користат за напад, бегство или за вршење на кривично дело,
- бегство од издржување на казната затвор,
- злоупотреба на доделените погодности,
- внесување или изработка на алкохолни пијалаци и наркотични средства, нивно уживање или растурање,
- намерна повреда на прописите за заштита при работа, заштита од пожар, експлозија или други природни несреќи,
- предизвикување на поголема материјална штета, ако била предизвикана намерно или од големо невнимание,
- занимавање со препродавање,
- позајмување на пари и меѓусебно задолжување за лихварска камата;
- присилување, вршење на психички и физички облик на притисок над други осудени лица и поттикнување кон тоа и
- повторување на полесни повреди.

(2) Полесните повреди на дисциплината се утврдуваат со куќниот ред на установата.

Член 178

За повреда на редот и дисциплината спрема осудените лица можат да се применат следните дисциплински казни:

1) опомена,

2) јавна опомена,

3) одземање на дел од надоместокот за работа во висина до 20%,

4) ограничување на доделување на погодности до три месеца, ако осудениот ги злоупотребил дадените погодности и

5) упатување во самица од три до 15 дена со или без право на работа.

Член 179

(1) Дисциплинските казни ги изрекува директорот на установата или лице кое го заменува.

(2) Во дисциплинската постапка осуденото лице мора да биде сослушано и неговата изјава проверена.

(3) При изрекувањето на дисциплинската казна ќе се земе предвид поведението на осуденото лице и дали порано било дисциплински казнувано.

(4) Пред издржувањето на дисциплинската казна за упатување во самица ќе се прибави мислење од лекарот за здравствената состојба на осуденото лице.

Член 180

(1) Дисциплинските казни ограничување на доделување на погодности до три месеца ако осудениот ги злоупотребил дадените погодности и упатување во самица од три до 15 дена со или без право на работа, можат да се изречат за потешки повреди на дисциплината.

(2) Извршувањето на дисциплинските казни, ограничување на доделување погодности и упатување во самица може условно да се одложи до шест месеца ако основано се очекува дека и без извршување на изречената казна ќе се постигне целта на дисциплинското казнување.

(3) Условното одлагање на извршувањето на дисциплинската казна ќе се отповика ако условно казнетото осудено лице во рокот за кој е одложено извршувањето е повторно дисциплински казнето. Ако се отповика изречената казна ќе се изрече една казна и за поранешната и за новата дисциплинска повреда, при што упатувањето во самица може да се изрече во траење до 30 дена.

(4) Дисциплинската казна самица во траење до 30 дена може да му се изрече и на осудено лице за сторена потешка дисциплинска повреда која претставува кривичо дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до една година.

(5) Извршувањето на изречената дисциплинска казна не може да се одлага ако осуденото лице е казнето за повреда која е предвидена како кривично дело за кое законот пропишува казна затвор до една година.

Член 181

(1) При извршувањето на дисциплинската казна упатување во самица на осуденото лице му се обезбедуваат потребните хигиенски и здравствени услуги и му се овозможува читање на книги и весници.

(2) Просторијата во која се извршува дисциплинската казна упатување во самица мора да е во големина од најмалку 9 $м^3$, да е осветлена со дневно светло, да има санитарен јазол, вода за пиење, кревет со постелнина, маса и столица и да е загреана.

(3) На дисциплински казнетиот со упатување во самица му се обезбедува престојување на свеж воздух надвор од затворените простории еден час дневно.

(4) Казнетото лице секојдневно го посетува лекар, а директорот на установата еднаш неделно.

Член 182

Дисциплинската казна упатување во самица нема да се изврши или ќе се прекине ако со извршувањето се загрозува здравјето на осуденото лице. Притоа, изречената дисциплинска казна може да се замени со друга поблага казна.

Член 183

Директорот на установата може да го запре извршувањето на дисциплинската казна ако утврди дека со дотогашното извршување на казната е постигната целта на дисциплинското казнување.

Член 184

(1) Осуденото лице е одговорно за штетата што ја предизвикало во установата намерно или со крајно невнимание.

(2) За постоењето на штета, нејзината висина, кој и под кои околности ја предизвикал, како и за начинот и рокот на нејзиното надоместување, ја утврдува комисија именувана од директорот на установата.

(3) Ако осуденото лице одбие да ја плати штетата, установата може своето побарување да го оствари со тужба пред надлежниот суд.

Член 185

(1) Против решението за изречена дисциплинска казна, како и против решението од членот 184 на овој закон со кое е одлучено за надоместување на штетата, осуденото лице има право на жалба во рок од три дена до директорот на Управата.

(2) Жалбата на осуденото лице не го задржува извршувањето на решението.

(3) Постапката за решавање по жалбата е итна.

3. Употреба на средства на присилба и огнено оружје

Член 186

(1) Спрема осуденото лице можат да се употребат средства на присилба само во онаа мера и кога тоа е неопходно да се спречи бегство од установа и бегство при спроведување, физички напад, нанесување на повреда, самоповредување, причинување на материјална штета или совладување на отпор на осудени лица по повод на законита наредба на службено лице.

(2) Како средства за присилба што можат да се употребат се: издвојување, врзување, гумена палка, шмркови со вода, хемиски средства и кучиња.

(3) Со општ акт на министерот за правда се определуваат условите и начинот на употребата на средствата за присилба.

Член 187

(1) Припадник на службата за обезбедување при вршењето на службено дејство може да употреби огнено оружје само ако не може поинаку да постапи за да:

1) го заштити животот на човекот;

2) одбие непосреден напад со кој се загрозува неговиот живот;

3) одбие напад на објект кој го обезбедува;

4) спречи бегство на осудено лице од установа од затворен вид, односно од затворено одделение и

5) спречи бегство на осудено лице при негово спроведување ако е осудено за кривично дело за кое е предвидена казна затвор од 15 години или потешка казна затвор.

(2) Припадникот на службата за обезбедување може да употреби огнено оружје само ако со употреба на други средства на присилба не може да го обезбеди извршувањето на службеното дејство.

(3) Кога службеното дејство се врши под непосредно раководство на директорот на установата или на службеното лице кое раководи со службата за обезбедување, припадникот на службата за обезбедување смее да употреби огнено оружје само по нивна наредба. Наредбата за употреба на огнено оружје може да се издаде само кога се исполнети условите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) При употребата на огнено оружје припадникот на службата за обезбедување е должен да внимава да не го загрози животот на другите лица.

Член 188

(1) За употребата на секое средство на присилба и огнено оружје, припадникот на службата за обезбедување составува извештај.

(2) За употребата на секое средство на присилба и огнено оружје писмено се известува Управата која ја оценува оправданоста на употребата на средството на присилба.

Член 189

(1) Ако средствата на присилба и огненото оружје се законито употребени, исклучена е противправноста и одговорноста на службеното лице кое го употребило или ја наредило употребата на средството на присилба.

(2) Ако против службеното лице кое законито употребило или наредило употреба на средството на присилба и огненото оружје се води казнена, дисциплинска или друга постапка, ќе му се обезбеди стручна помош во постапката.

4. Фаќање на избегано осудено лице

Член 190

(1) Заради непосредно фаќање на осудено лице кое избегало од установа или при спроведување, припадникот на службата за обезбедување со судска одлука може да влезе во дом на граѓанин или други простории и по потреба да изврши претрес заради пронаоѓање на избеганото осудено лице, ако видел или добил информација дека избеганото лице се засолнило во домот или просторијата.

(2) Припадникот на службата за обезбедување во случаите од ставот (1) на овој член може да се послужи со сообраќајните средства и средствата за врски што му се достапни заради превоз или помош на лице кое притоа е повредено.

(3) На корисникот на сообраќајното средство или средството за врска му се издава потврда заради надоместок на трошоците од установата чиј припадник го искористил средството.

Член 191

(1) Ако осудено лице избега, установата е должна веднаш да го извести Министерството за внатрешни работи.

(2) Установата ќе го извести Министерството за внатрешни работи и за поголеми нарушувања на редот во установата и ќе побара помош за воспоставување на редот.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член установата ќе ги извести Управата и судијата за извршување на санкциите.

## Глава XII

## ОТПУШТАЊЕ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ОД ИЗДРЖУВАЊЕ НА КАЗНАТА

1. Основи за отпуштање на осудените лица

Член 192

Осудените лица се отпуштаат од издржувањето на казната по издржаната казна, по простување на остатокот на казната со акт на надлежен орган, одлука за условен отпуст или по одлука на директорот на установата за предвремено отпуштање од издржувањето на казната.

2. Подготвување за отпуштање од установата

Член 193

(1) Осуденото лице се подготвува за отпуштање од издржувањето на казната од почетокот на издржувањето на казната во установата.

(2) Активностите на подготвување за отпуштање на осуденото лице се интензивираат во последните три месеца пред истекот на казната, односно пред денот кога се претпоставува дека ќе биде отпуштено. Овие осудени лица се упатуваат во одделение за отпуштање во кое активностите за подготвување се остваруваат според посебна програма за подготвување за отпуштање на осудените лица.

(3) Осудените лица во текот на подготвувањето за отпуштање се поучуваат за последиците на осудата од повторното вршење на кривично дело и за можностите за отстранување на овие последици и за одбегнување на повторот.

(4) На осуденото лице може да му се дозволи по потреба во времето додека е во одделението за отпуштање да излегува од установата заради барање на работа и заради сместување.

(5) На два дена пред отпуштањето осуденото лице се ослободува од работа за да може да се подготви за излегување.

Член 194

(1) Пред отпуштањето осуденото лице го прегледува лекар на установата кој писмено ќе ја констатира неговата здравствена состојба во моментот на отпуштањето.

(2) Ако осуденото лице во времето кога се отпушта од издржувањето на казната е тешко болно, установата ќе го смести во најблиската здравствена установа.

(3) Ако осуденото лице нема средства да ги плати трошоците за лекување, за првиот месец на лекувањето тие ќе паднат на товар на установата, а за натамошното лекување ќе се постапува според општите прописи.

Член 195

Установата ги поднесува превозните трошоци на осуденото лице од установата до местото на неговото живеалиште, односно престојувалиште, доколку лицето кое се отпушта нема средства за таа намена.

Член 196

(1) При отпуштањето од установата на осуденото лице му се предава неговата лична карта и отпусниот лист од установата. На осуденото лице му се предаваат и другите негови предмети, како и заштедените пари од работа во установата.

(2) Во отпусниот лист се содржани податоци за времето на отпуштање и времето и местото кога и каде треба да се јави на подрачниот орган за внатрешни работи.

(3) Ако осуденото лице нема лична карта, отпусниот лист служи како доказ за утврдување на неговиот идентитет.

3. Отпуштање по издржаната казна

Член 197

(1) Осуденото лице се отпушта од издржување на казната од установата во денот и часот кога му истекнува издржувањето на казната.

(2) Ако последниот ден на издржувањето на казната паѓа во недела или празник, осуденото лице се отпушта во денот што му претходи.

4. Отпуштање по простување на казната

Член 198

Осуденото лице се отпушта од издржувањето на казната од установата во денот кога со акт на амнестија или помилување донесен од страна на надлежен орган се ослободува од натамошно издржување на казната затвор.

5. Отпуштање по условен отпуст

Член 199

Осуденото лице се отпушта од издржувањето на казната во денот кога со решението за условен отпуст е определено отпуштањето.

6. Постапка за условен отпуст

Член 200

(1) Молба за отпуштање по основ на условен отпуст, под услови определени со закон, може да поднесе осуденото лице или неговиот брачен другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител.

(2) Предлог за отпуштање на осуденото лице по основ на условен отпуст може да поднесе и директорот на установата.

Член 201

За условно отпуштање на осуденото лице одлучува судот што ја донел пресудата во прв степен во совет составен од тројца судии, кој одлучува надвор од главниот претрес.

Член 202

(1) Пред одлучувањето за условниот отпуст првостепениот суд ќе побара податоци од установата, а може да се сослуша осудениот и да се побара мислење од судијата за извршување на санкциите, како и од службените лица на установата за околности што се однесуваат на личноста на осуденото лице, неговото поведение за време на издржувањето на казната, извршувањето на работните обврски и за други околности од кои може да се заклучи дали е постигната целта на казнувањето и особено дали осуденото лице во иднина нема да врши кривични дела.

(2) Предлогот на директорот на установата го застапува и го образложува претставник на установата во која осуденото лице ја издржува казната.

Член 203

(1) Молбата односно предлогот за условен отпуст може повторно да се поднесе по истекот на шест месеца за казна затвор над една година, односно три месеца за казна затвор под една година од правосилноста на решението со кое е одбиена претходната молба на осуденото лице, односно предлогот на директорот.

(2) Решението со кое судот одлучува за условен отпуст се доставува до осуденото лице, членот на семејството што поднел молба за условен отпуст, установата во која осуденото лице издржува казна, надлежниот јавен обвинител и до подрачната единица на Министерството за внатрешни работи според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице, ако одлуката е позитивна.

Член 204

Судот во решението за условен отпуст може на условно отпуштениот да му одреди заштитен надзор, што се состои во посебни мерки на помош, грижа, надзор или заштита кои ги спроведува социјалниот орган.

Член 205

Против решението по молбата или предлогот за условен отпуст осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба во рок од осум дена до повисокиот суд.

7. Отпуштање по одлука на директорот на установата

Член 206

(1) Директорот на установата може да го отпушти осуденото лице и пред истекот на казната најмногу 30 дена, ако осуденото лице издржало најмалку три четвртини од казната затвор, доколку осуденото лице не добило условен отпуст.

(2) Директорот на Управата со општ акт утврдува критериуми за предвремено отпуштање на осуденото лице пред истек на казната.

## Глава XIII

## ПОМОШ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ПО ОТПУШТАЊЕ ОД УСТАНОВАТА

Член 207

(1) Помошта по отпуштањето претставува збир на мерки и постапки што се применуваат заради вклучување на отпуштените осудени лица во животот на слобода, а се состои од: обезбедување на сместување и исхрана, обезбедување на лекување, совети за изборот на живеалиштето, односно престојувалиштето, усогласување на семејните односи, пронаоѓање на вработување, довршување на стручното оспособување, давање парична помош за покривање на најнеопходните потреби, како и други облици на помош и поддршка.

(2) Установата на три месеца пред отпуштањето на осуденото лице на кое му е потребна помош по излегувањето на слобода го известува центарот за социјални работи според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице за денот кога треба да биде отпуштено и ќе го наведе видот на помошта, што особено му е потребна заради негово успешно вклучување во живот на слобода.

Член 208

Ако осуденото лице нема своја облека, долна облека или обувки, ниту средства да ги набави, установата му доделува таква облека без надоместок.

Член 209

(1) По отпуштањето од установата, осуденото лице може да се обрати до судијата за извршување заради давање помош и поддршка.

(2) Судијата за извршување на санкциите соработува со центарот за социјални работи на кого може со писмено решение да му нареди преземање на потребни мерки од членот 207став (1) на овој закон.

## Глава XIV

## ПОДГОТВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧЕН ИЗВЕШТАЈ

Член 210

(1) Пред отпуштањето на осуденото лице од установата, службата за превоспитување спроведува анкета и подготвува заклучен извештај за извршената превоспитна програма со осуденото лице, како и за оцената за остварениот степен на ресоцијализација на осуденото лице.

(2) Непосредно пред излегувањето, директорот или работникот што тој ќе го определи, разговара со осуденото лице и му дава совети за живот на слобода.

(3) Заклучниот извештај се внесува во личниот лист на осуденото лице.

(4) Заклучниот извештај се доставува до подрачната единица на Министерството за внатрешни работи и центарот за социјални работи според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на отпуштеното осудено лице, судијата за извршување на санкциите, а по потреба и до други државни органи.

## Глава XV

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СМРТ НА ОСУДЕНО ЛИЦЕ

Член 211

(1) Ако осуденото лице за време на издржувањето на казната почине, установата е должна за тоа веднаш да ги извести: потесното семејство на осудениот и судијата за извршување, Управата и матичарот во седиштето на установата, а по потреба и други државни органи.

(2) Телото на починатото осудено лице ќе го прегледа лекар кој ќе ги утврди и причините за смртта.

(3) Ако постои сомнение за смртта на осуденото лице, задолжително се врши обдукција и се постапува согласно со Законот за кривичната постапка и меѓународните документи од оваа област.

(4) Посмртните останки на осуденото лице ќе му се предадат на семејството на осуденото лице. Ако членовите на семејството не сакаат да ги прифатат посмртните останки, осуденото лице ќе се погребе на месните гробишта на трошок на установата.

## Глава XVI

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ПАРИЧНА КАЗНА

Органи и постапка за извршување на паричната казна на физички лица

Член 212

(1) Постапката за наплата на парична казна на физички лица по службена должност ја поведува судот што ја изрекол паричната казна во прв степен.

(2) Доколку осуденото лице нема живеалиште, односно престојувалиште во седиштето на судот што му ја изрекол паричната казна во прв степен, тогаш првостепениот суд е должен да му ја достави правосилната пресуда за наплата на паричната казна на судот според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето.

Член 213

(1) Ако осуденото лице во определениот рок не ја плати паричната казна се пристапува кон присилна наплата.

(2) Трошоците на присилната наплата на паричната казна паѓаат на товар на осуденото лице.

Член 214

(1) Судијата за извршување на санкциите пред да пристапи кон присилна наплата, на осуденото лице му праќа опомена да ја плати паричната казна во рок кој не може да биде подолг од 15 дена од денот на приемот на опомената.

(2) Ако осуденото лице во определениот рок не ја плати казната се пристапува кон присилна наплата согласно со членот 2 став (4) од Законот за извршување.

(3) Ако присилното извршување остане без успех, се пристапува кон замена на паричната казна со затвор.

Член 215

(1) Ако осуденото лице не може паричната казна да ја плати веднаш, тогаш може да ја отплаќа на рати, но рокот на исплата не може да биде подолг од две години, со можност за продолжување на рокот за уште три месеца.

(2) Доколку осуденото лице не ги плаќа на време ратите, судот ќе ја отповика својата одлука за плаќање на рати и ќе пристапи кон наплата на паричната казна веднаш или со замена со затвор (заменски затвор).

Член 216

Ако едновремено се врши присилна наплата на паричната казна и на трошоците на кривичната постапка, најнапред се наплатуваат трошоците на кривичната постапка.

Член 217

Во текот на извршувањето на паричната казна осуденото лице има право да поднесе приговор само во однос на исправноста на клаузулата за правосилност и извршност на пресудата.

Член 218

(1) По приговорот одлучува судијата за извршување на санкциите.

(2) Приговорот ќе се уважи доколку се утврди неисправност на клаузулата за правосилност и извршност на пресудата, односно ако се утврди дека доставувањето на пресудата не е извршено согласно со одредбите на Законот за кривичната постапка и Законот за прекршоците кои се однесуваат на начинот на доставување на пресуда.

(3) Против одлуката со која ќе се одбие приговорот, осуденото лице има право на жалба во рок од три дена од денот на доставувањето на одлуката преку основниот суд што ја донел оклуката во прв степен до кривичниот совет на судот надлежен за извршување на санкцијата.

Член 219

(1) Средствата од наплатените парични казни се уплатуваат на сметка на Буџетот на Република Македонија.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член во висина од 50% се користат како наменски средства за изградба, опремување и осовременување на условите за работа на установите и правосудните органи.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА СПОРЕДНИ КАЗНИ

## Глава XVII

## ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ НА ПРОФЕСИЈА, ДЕЈНОСТ ИЛИ ДОЛЖНОСТ

Член 220

(1) Правосилната пресуда со која е изречена казната забрана на вршење професија, дејност или должност надлежниот суд му ја доставува на извршување на правното лице или друга институција во која осуденото лице е вработено, на надлежниот орган за издавање

одобрение за вршење професија, дејност или должност, на надлежниот орган на инспекцијата на трудот во местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице, како и на надлежниот орган за регистрација.

(2) Изречената казна забрана на вршење на професија, дејност или должност, по правосилноста на одлуката, по службена должност ќе ја изврши судот кај којшто е запишан субјектот на уписот.

(3) Судот ќе изврши упис на изречената казна со прибелешка во регистарската влошка и тоа ќе го објави.

(4) Правосилната пресуда од ставот (1) на овој член í се доставува и на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи според местото на живеалиштето односно престојувалиштето на осуденото лице.

(5) Ако лицето спрема кое е изречена казната од ставот (1) на овој член го промени местото на живеалиштето, односно престојувалиштето, а времето за кое оваа казна е изречена не поминало, Министерството за внатрешни работи за оваа казна ќе го извести надлежниот суд во местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице.

Член 221

(1) Кога вршењето на професија, дејност или должност е поврзано со дозвола или одобрение од надлежен орган, оваа казна се извршува со одземање на дозволата односно одобрението или со забрана на нивно издавање за времето додека трае казната.

(2) Инспекцијата на трудот, казната од ставот (1) на овој член ја извршува со преземање на дејствија со кои на осуденото лице му се оневозможува да врши определена професија, дејност или должност.

(3) За извршување на казната, инспекцијата на трудот го известува надлежниот суд.

## ЗАБРАНА НА УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО

Член 222

(1) Правосилната пресуда со која е изречена казната забрана на управување со моторно возило надлежниот суд му ја доставува на извршување на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи според местото на живеалиштето односно престојувалиштето на осуденото лице на кое му е изречена оваа казна.

(2) Извршувањето на казната од ставот (1) на овој член се спроведува со впишување во возачката дозвола на забраната за управување со моторно возило од определен вид или категорија или во забрана на нејзино издавање на осуденото лице за времето за кое му е изречена.

(3) Изречената казна забрана на управување со моторно возило се запишува во казнената евиденција.

(4) Ако лицето спрема кое е изречена казната од ставот (1) на овој член го промени местото на живеалиштето, односно престојувалиштето, а времето за кое оваа казна е изречена не истекло, подрачната единица на Министерството за внатрешни работи за оваа казна ќе го извести надлежниот суд во местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице.

Член 223

(1) Казната забрана на управување со моторно возило од одреден вид или категорија за лице кое има странска возачка дозвола за управување со моторно возило ја извршува подрачната единица на Министерството за внатрешни работи според местото на извршувањето на кривичното дело.

(2) Возачката дозвола ќе му се врати на странецот при напуштањето на територијата на Република Македонија.

## ПРОТЕРУВАЊЕ НА СТРАНЕЦ ОД ЗЕМЈАТА

Член 224

(1) Правосилната пресуда со која е изречена казната протерување на странец од земјата, надлежниот суд му ја доставува на извршување на Министерството за внатрешни работи.

(2) Казната од ставот (1) на овој член се извршува според одредбите на закон со кој се регулира движење и престој на странци.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ

## Глава XVIII

## ОРГАНИ И ПОСТАПКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ

Член 225

Со одредбите на оваа глава се уредува извршувањето на заштитниот надзор изречен со одлука за условната осуда или за условен отпуст, општокорисната работа и куќниот затвор.

### 1. Орган за извршување на алтернативните мерки

Член 226

(1) Алтернативните мерки се извршуваат по правосилноста на судската одлука со која се изречени.

(2) Алтернативните мерки ги извршува одделението за извршување на алтернативни мерки (во натамошниот текст: одделение), во надлежниот центар за социјални работи, според живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице.

(3) Одделението е составено од стручни лица кои поседуваат дозвола за извршување на алтернативни мерки што ја издава Управата за извршување на санкциите.

(4) Условите, постапката и начинот за издавање и одземање на дозволата од ставот (3) на овој член се пропишани со посебен акт донесен од Управата за извршување на санкциите.

(5) Трошоците на извршувањето на алтернативните мерки, ако со закон поинаку не е определено, паѓаат на товар на органот што ги спроведува.

### 2. Постапка за извршување на алтернативните мерки

Член 227

(1) Одделението утврдува индивидуален план и програма за спроведување на алтернативните мерки, сообразен со видот на кривичното дело, личноста на сторителот, неговата семејна положба, имотниот статус и со исполнувањето на одделни обврски од страна на осуденото лице, доколку тие се определени.

(2) Одделението уредно води матична евиденција и досие за осуденото лице во текот на спроведувањето на извршувањето на алтернативната мерка и за тоа редовно ја известува Управата.

Член 228

Одделението најмалку еднаш на три месеца или по барање на судот ќе го извести судот за резултатите од спроведувањето на алтернативната мерка и извршувањето на обврските од страна на осуденото лице, доколку истите се определени.

Член 229

(1) Ако осуденото лице не ја прифати алтернативната мерка, одделението е должно за тоа да го извести судот најдоцна во рок од осум дена.

(2) Надзор над законитоста во извршувањето на алтернативните мерки врши судот што ја изрекол мерката.

(3) Стручно-инструкторски надзор над извршувањето на алтернативните мерки врши Управата за извршување на санкциите.

(4) За извршениот надзор и утврдените состојби, инспекторот за извршување на санкциите и судијата за извршување на санкциите составуваат, секој во рамките на своите овластувања, записник.

(5) Инспекторот за извршување на санкциите и судијата за извршување на санкциите меѓусебно се известуваат за утврдените состојби во извршувањето на алтернативните мерки и за утврдените незаконитости при вршењето на надзорот.

(6) Министерот за правда со посебен акт го уредува извршувањето на стручно-инструкторскиот надзор.

Член 230

Одредбите од Законот за извршување на санкциите соодветно се применуваат и во однос на извршувањето на алтернативните мерки, доколку со оваа глава поинаку не е определено.

1. Извршување на заштитниот надзор изречен со условна осуда

Член 231

Заштитниот надзор изречен со условна осуда го извршува одделението од членот 226 став (2) на овој закон.

Член 232

Одделението во планот за спроведување на заштитниот надзор, го утврдува видот, времетраењето и спроведувањето на надзорот што треба да го остварува во однос на исполнувањето на одделни обврски од страна на осуденото лице.

Член 233

(1) Одделението при извршувањето на заштитниот надзор, може на судот да му предложи изречените обврски да ги замени со други, или да го продолжи траењето на заштитниот надзор во рамките на времето на проверување или да ја отповика условната осуда.

(2) Ако одделението оцени дека целта на оваа мерка е постигната ќе го извести за тоа судот што ја изрекол мерката и може да му предложи да го запре натамошното извршување на заштитниот надзор.

2. Извршување на општокорисната работа

Член 234

(1) За извршување на општокорисната работа, Управата склучува договор за општокорисна работа со државен орган, јавно претпријатие, установа, единица на локална самоуправа или со хуманитарна организација во која осудениот ќе ги извршува своите работни обврски.

(2) Управата за склучените договори за спроведување на општокорисната работа ги известува одделението од членот 226 став (2) на овој закон и судот што ја изрекол мерката.

(3) Директорот на Управата донесува посебен акт за видот и условите на извршување на општокорисната работа.

(4) Општокорисната работа е бесплатна.

Член 235

Одделението најдоцна во рок од 15 дена определува лице кое ќе врши непосреден надзор над извршувањето на општокорисната работа.

Член 236

(1) Ако осудениот не ги исполнува или неуредно ги исполнува работните обврски, одделението усно го опоменува и за тоа веднаш ќе го извести надлежниот суд.

(2) Ако осудениот и по писмената опомена продолжи со таквото однесување, одделението ќе му предложи на судот да го зголеми бројот на часовите или да го продолжи извршувањето на мерката за најмногу три месеца, ако за тоа постојат оправдани причини, или да го замени неизвршениот дел од мерката со парична казна или казна затвор, така што за секои три часа општокорисна работа се засметува една дневна глоба или еден ден затвор.

(3) Ако осудениот не ја извршува општокорисната работа изречена како замена за паричната казна или казната затвор, одделението ќе му предложи на судот да донесе одлука за извршување на изречената казна.

3. Извршување на куќен затвор

Член 237

Куќниот затвор го извршува одделението од членот 226 став (2) на овој закон според живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице.

Член 238

(1) Одделението определува лице кое ќе врши надзор над извршувањето на куќниот затвор.

(2) Во спроведувањето на извршувањето на куќниот затвор, одделението може да побара помош од полицијата.

Член 239

(1) Одделението во текот на извршувањето на куќниот затвор му дава помош и заштита на осудениот согласно со индивидуалниот план за спроведување на мерката.

(2) Одделението усно го опоменува осудениот, доколку не се придржува на забраната за напуштање на домот и за тоа го известува судот.

(3) Доколу осудениот продолжи со таквото однесување, одделението ќе му предложи на судот заменетата казна затвор целосно да се изврши во казнено-поправна установа.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТ

## Глава XIX

## ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПСИХИЈАТРИСКО ЛЕКУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ ВО ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА

Член 240

(1) Мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа се извршува во здравствена установа основана за таа цел, или во специјална болница за психијатрија.

(2) Во одлуката со која е изречена мерката на безбедност од ставот (1) на овој член, судот ја определува и здравствената установа во која ќе се извршува мерката.

(3) Кога мерката на безбедност од ставот (1) на овој член е изречена со казна затвор, осуденото лице прво се упатува на извршување на мерката на безбедност.

Член 241

(1) Лицето спрема кое треба да се изврши мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, во здравствената установа го упатува судијата за извршување на санкциите, а го спроведува здравствен работник на установата определена од судот. Од причини на безбедност може да се определи спроведувањето да го обезбедува Министерството за внатрешни работи.

(2) Ако лицето од ставот (1) на овој член се наоѓа во притвор во здравствената установа го спроведува припадник на службата за обезбедување во установата во која се наоѓа во притвор.

(3) Трошоците на спроведувањето паѓаат на товар на надлежниот суд.

Член 242

Спрема лицата во однос на кои се извршува мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа можат да се применат ограничувања на движењето и контактирањето во мера што е неопходна за спроведување на третманот на лекување и чување и за одржување на куќниот ред и дисциплина во здравствената установа.

Член 243

(1) Здравствената установа во која се извршува мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување е должна најмалку два пати годишно да го извести судот што ја изрекол мерката за здравствената состојба на лицето.

(2) Кога здравствената установа ќе оцени дека престанала потребата за лекување и чување ќе му предложи на надлежниот суд да го запре натамошното извршување на оваа мерка. Здравствената установа за осудените лица со битно намалена пресметливост на кои не им истекла казната може да предложи условен отпуст.

Член 244

Ако судот одлучи осуденото лице да биде упатено на издржување на остатокот на изречената казна затвор, од казнено-поправната установа во која осуденото лице треба да ја издржува казната ќе побара да го спроведе во установата.

Член 245

(1) Стручно-инструкторски надзор во здравствената установа во која се извршува мерката на безбедност задолжително психијатриско лекуање и чување врши овластена комисија од Министерството за здравство најмалку еднаш годишно.

(2) Надзор на законитоста во извршувањето на мерката од ставот (1) на овој член врши судијата за извршување на санкциите.

Член 246

Општ акт со кој се уредува куќниот ред во здравствената установа во однос на лицата спрема кои се извршува мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување донесува министерот за здравство во согласност со министерот за правда.

Член 247

Трошоците на извршувањето на мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа паѓаат на товар на буџетот на Република Македонија, а се обезбедуваат во посебна ставка во буџетот на Министерството за здравство.

## Глава XX

## ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПСИХИЈАТРИСКО ЛЕКУВАЊЕ НА СЛОБОДА

Член 248

(1) Мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување на слобода се извршува во здравствена установа која првостепениот суд ја определил во својата одлука.

(2) Мерката од ставот (1) на овој член ја извршува судијата за извршување на санкциите според живеалиштето, односно престојувалиштето на лицето.

Член 249

Здравствената установа во која се извршува задолжителното психијатриското лекување на слобода должна е најмалку на секои шест месеца да го известува судот што ја донел одлуката во прв степен за здравствената состојба на лицето спрема кое се извршува оваа мерка и за резултатот на лекувањето.

Член 250

Во однос на стручно-инструкторскиот надзор, надзорот на законитоста, општиот акт за куќниот ред и трошоците на извршувањето на оваа мерка се применуваат одредбите на членовите од 245 до 247 од овој закон.

## Глава XXI

## ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЛЕКУВАЊЕ НА АЛКОХОЛИЧАРИ И НАРКОМАНИ

Член 251

Мерката на безбедност задолжително лекување на алкохоличари и наркомани се извршува во здравствена установа предвидена во членот 240 став (1) од овој закон.

Член 252

Ако во установата не постојат услови за задолжително лекување на алкохоличари и наркомани, кога оваа мерка е изречена со казна затвор, или кога е изречена со парична казна или условна осуда, мерката се извршува во здравствена установа што ќе ја определи судот во одлуката со која е изречена мерката.

Член 253

Судијата за извршување на санкциите согласно со одредбата на членот 252 од овој закон го упатува лицето на извршување на задолжителното лекување на алкохоличари и наркомани непосредно во установата, односно во здравствената установа.

Член 254

Здравствената установа во која се извршува задолжителното лекување на алкохоличари и наркомани е должна најмалку на шест месеца да го известува судот што ја донел одлуката во прв степен за здравствената состојба на лицето спрема кое се извршува оваа мерка и за резултатот од лекувањето.

Член 255

(1) Здравствената установа ќе го извести судот што ја донел одлуката во прв степен за завршеното лекување на лицето спрема кое е изречено задолжително лекување на алкохоличари и наркомани.

(2) Ако осуденото лице без оправдана причина не се подложи на лекување или лекувањето го напушти, здравствената установа ќе го извести за тоа судот што ја донел одлуката во прв степен.

Член 256

(1) Трошоците на извршувањето на задолжителното лекување на алкохоличари и наркомани во здравствената установа паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија, а се обезбедуваат во посебна ставка во буџетот на Министерството за здравство.

(2) Трошоците на извршувањето на задолжителното лекување на алкохоличари и наркомани откако осуденото лице ќе биде упатено остатокот на казната затвор да ја издржи во установата, паѓаат на товар на установата.

Член 257

Во однос на стручно-инструкторскиот надзор, надзорот на законитоста и општиот акт за куќниот ред на оваа мерка се применуваат одредбите на членовите 245 и 246 од овој закон.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИ САНКЦИИ СПРЕМА МАЛОЛЕТНИЦИ

### Глава XXII

### ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНАТА МАЛОЛЕТНИЧКИ ЗАТВОР

Член 258

Во извршувањето на казната малолетнички затвор се применуваат одредбите на овој закон, ако во оваа глава поинаку не е определено.

Член 259

(1) Малолетните лица казната малолетнички затвор до наполнување на 23 годишна возраст ја издржуваат во посебни установи за извршување на казната малолетнички затвор (во натамошниот текст: установи за малолетници), одвоено од полнолетните лица.

(2) Малолетните лица од машки пол мораат да бидат сместени одделно од малолетните лица од женски пол. Тие можат да бидат здружени во рамките на образовни, социјални и забавни програми или програми за професионално оспособување.

(3) По наполнување на 23-годишна возраст, лицата осудени на казна малолетнички затвор, казната ја издржуваат согласно со актот за распоредување на осудените и малолетните лица во установите и воспитно-поправните установи.

Член 260

Установите за малолетници неопходно е да го имаат минимумот на безбедност и да имаат физички пречки до степен да го спречуваат бегството на малолетните лица, но така поставени што ако се направи обид за бегство да не предизвикаат физичко повредување кај малолетното лице што се обидело да бега.

Член 261

Бројот на малолетните лица во една установа за малолетници треба да ја овозможува индивидуализацијата во третманот.

Член 262

Установата за малолетници мора да има отворено одделение во кое малолетното лице ќе прогресира, кога ќе се утврди дека поради отсуство на физичко обезбедување нема да побегне и дека ќе се придржува на редот заснован врз самодисциплина во одделението.

Член 263

Постапката за прием на малолетно лице во установата за малолетници треба да биде спроведена на начин што ќе ги сведе на минимум неповолните психолошки ефекти од лишувањето од слобода.

Член 264

Со третманот што се спроведува спрема малолетните лица, според стручно изготвена програма утврдена од министерот за правда во согласност со министерот за образование и министерот за труд и социјална политика треба да се охрабрува и да му се помага на малолетното лице, кај него да се поттикнуваат позитивни особини и развој на личноста и да му се овозможува остручување и оспособување за живот на слобода.

Член 265

(1) Во една просторија ноќе малолетните лица се сместуваат во засебни соби за ноќевање, согласно со можностите на установата.

(2) Ако поради недостиг на простор, ноќе во една просторија се сместени повеќе малолетни лица, чиј број не смее да биде поголем од пет лица треба да се обезбеди надзор што ќе се остварува на начин со кој ќе може да му се укаже заштита на секое малолетно лице.

Член 266

На малолетните лица видот на работите и основното образование треба да им се определува според програмата за третман.

Член 267

(1) Во установата за малолетници може да се организира настава за основно воспитание и образование и други видови на стручно оспособување на малолетните лица во зависност од условите и можностите на установата.

(2) Изборот на работата, видот на наставата и стручното оспособување се врши според можностите на установата за малолетници, имајќи ги притоа предвид физичките способности, личните својства и склоноста на малолетното лице за одделен вид занимање.

(3) Ако во установата за малолетници нема услови за организирање на настава, малолетните лица можат да посетуваат настава во училиште во седиштето на установата за малолетници.

Член 268

На малолетно лице му се обезбедува исхрана која дневно мора да има најмалку 14.600 џули.

Член 269

(1) На малолетното лице треба да му се обезбедат услови за занимање со физичка култура и спорт.

(2) Малолетното лице треба да се занимава два часа дневно со спорт и други слободни активности на чист воздух, а ако временските прилики тоа не го дозволуваат, тоа треба да го остварува во посебна просторија за физичко и рекреативно воспитување.

(3) Малолетното лице најмалку два часа дневно треба да поминува во забава.

(4) Малолетното лице најмалку два часа дневно треба да поминува во оспособување и вршење на занаетчиски активности.

Член 270

(1) Медицинската служба и лекарот во установата за малолетници треба да имаат познавања од детската психологија, како и од третманот во случаи на ментална болест и други психички растројства.

(2) Лекарот треба да врши редовни прегледи и контроли на здравјето на малолетните лица, а во случај на болест да ги преземе неопходните мерки за лекување на малолетното лице.

(3) За здравствената состојба на малолетното лице треба да се извести неговото семејство.

Член 271

(1) На малолетното лице, директорот на установата за малолетници може да му дозволи отсуство заради посета на родителите и семејството два пати во текот на една година, во време кога не се одржува настава.

(2) Отсуството од ставот (1) на овој член може да трае до 14 дена, имајќи го предвид поведението и залагањето на малолетното лице во учењето и во установата за малолетници.

Член 272

На малолетните лица треба да им се даваат погодности кои ќе го поттикнуваат вклучувањето во активностите во установата за малолетници, развивање на позитивните црти на личноста и самопочитувањето.

Член 273

(1) На малолетното лице може да му се изрече дисциплинската казна упатување во самица најмногу до десет дена.

(2) Траењето на дисциплинската казна од ставот (1) на овој член, ќе престане веднаш кога ќе се оцени дека нема повеќе потреба од нејзиното извршување.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНИ МЕРКИ

## Глава XXIII

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 274

(1) Одредбите на оваа глава се применуваат на малолетни лица сторители на кривични дела на кои им е изречена воспитна мерка.

(2) Одредбите на оваа глава се применуваат и на помлади полнолетни лица на кои им е изречена воспитна мерка и во однос на кои се извршува воспитната мерка.

Член 275

Целта на извршувањето на воспитните мерки е со заштита, помош и надзор, образование и воспитување на малолетните лица сторители на кривични дела, да се обезбеди правилен развој на нивната личност.

Член 276

(1) При извршувањето на воспитните мерки, постапувањето со малолетните лица мора да биде хумано и достоинствено, да одговара на возраста, степенот на душевната развиеност и на способностите и склоностите на малолетното лице, кај малолетните лица да се развива чувството на лична одговорност и да се поттикнуваат и самите да учествуваат во своето воспитување и превоспитување.

(2) На малолетните лица им се обезбедуваат услови за основно и средно воспитание и образование и за стручно оспособување.

Член 277

(1) Извршувањето на воспитните мерки е итно.

(2) Воспитните мерки се извршуваат веднаш по правосилноста на судската одлука со која се изречени и кога не постојат пречки за нивно извршување.

(3) Извршувањето на воспитните мерки може да се одложи само во случај и под услови предвидени со овој закон.

Член 278

(1) Судот што ја донел одлуката со која е изречена воспитната мерка, ако самиот не е надлежен за извршување на одлуката, е должен веднаш по правосилноста да му ја достави на судијата за извршување на санкциите според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на малолетното лице. Заедно со одлуката првостепениот суд ќе достави и извод од матичната книга на родените, свидетелство, податоци дали малолетното лице и порано вршело кривични дела и како завршиле постапките, податоци за здравствената состојба на малолетното лице, социјална и психолошка анамнеза и други податоци од испитувањето на личноста на малолетникот.

(2) Судијата за извршување на санкциите извршната одлука со другите податоци од ставот (1) на овој член ја упатува на извршување до центарот за социјални работи кој, со оглед на видот на воспитната мерка, самиот ја извршува воспитната мерка, врши социјален надзор над извршувањето на воспитната мерка или малолетното лице го упатува во соодветната заводска установа.

(3) За подготовката и за почетокот на извршување на воспитната мерка центарот за социјални работи ги известува родителите, односно старателот на малолетното лице и надлежниот суд.

Член 279

За извршувањето на воспитните мерки надлежни се да постапуваат надлежниот суд и центарот за социјални работи според местото на живеалишето, односно престојувалиштето на малолетното лице спрема кое се извршува воспитната мерка.

Член 280

Трошоците на извршувањето на воспитната мерка паѓаат на товар на органот, односно установата што ја извршува воспитната мерка, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 281

(1) Лицата кои се должни да го издржуваат малолетното лице поднесуваат дел од трошоците за извршување на воспитната мерка во висина од една третина од личните примања, ако со тоа не се загрозува издржувањето на семејството.

(2) Висината на делот на трошоците од ставот (1) на овој член и начинот на нивното плаќање го определува судот во одлуката со која е изречена воспитната мерка, имајќи ја предвид имотната состојба на лицето.

(3) Износот на средствата од ставот (1) на овој член се уплатува во Буџетот на Република Македонија.

Член 282

(1) Стручно-инструкторски надзор над извршувањето на воспитните мерки врши Управата и Министерството за труд и социјална политика.

(2) Судски надзор на извршувањето на воспитните мерки врши надлежниот суд.

## Глава XXIV

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКИТЕ МЕРКИ

Упатување во дисциплински центар
за малолетници

Член 283

(1) Воспитната мерка упатување во дисциплински центар за малолетници се извршува во дисциплински центар за малолетници (во натамошниот текст: центар за малолетници).

(2) Центарот за малолетници од ставот (1) на овој член се основа со акт на Владата на Република Македонија.

(3) Воспитната мерка од ставот (1) на овој член може да се извршува и во постојните прифатилишта, интернати и други образовни установи и установи за работа со младината, ако во нив во слободното време се организира дисциплински центар за малолетници во местото на живеалиштето односно престојувалиштето на малолетното лице.

(4) Министерот за труд и социјална политика определува во кои установи од ставот (3) на овој член ќе се организира центар за малолетници во согласност со министерот за образование.

Член 284

(1) По приемот на одлуката центарот за социјални работи во договор со центарот за малолетници должен е во рок од десет дена да го повика малолетното лице заедно со родителите во определен ден и час да се јави во центарот за малолетници заради извршување на дисциплинската мерка.

(2) Родителите или старателот се должни да обезбедат редовно доаѓање на малолетното лице во центарот за малолетници.

(3) Ако малолетното лице не се јави во определеното време во центарот за малолетници, не доаѓа редовно или престане да доаѓа, центарот за малолетници за тоа ќе ги извести центарот за социјални работи и надлежниот суд.

Член 285

(1) Упатувањето на малолетното лице во центарот за малолетници во празнични денови и на определен број часови во денот се извршува во време од 8,00 до 20,00 часот во слободното време на малолетното лице.

(2) Упатувањето на малолетното лице во центарот за малолетници на непрекинат престој на определен број денови се извршува во време кога малолетното лице е слободно. Оваа мерка се извршува и кога малолетното лице е работно ангажирано при што тоа продолжува да го посетува училиштето или да оди на работа, а од центарот за малолетници му е обезбедена исхрана и сместување.

Член 286

(1) Во центарот за малолетници малолетното лице го поминува времето во работа и учење и слободни спортски и културни активности, под контрола на стручни лица.

(2) Програма за активностите на центарот за малолетници донесува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за образование и министерот за правда.

Член 287

(1) Малолетните лица во центарот за малолетници мораат да се придржуваат на одредбите на куќниот ред, правилата за работната дисциплина и наредбите на службените лица.

(2) На малолетното лице кое ќе ја наруши работната дисциплина и куќниот ред или неуредно доаѓа, директорот на центарот за малолетници може да му изрече укор.

(3) Ако малолетното лице продолжи со нередовност и го повтори нарушувањето на редот и дисциплината, директорот на центарот за малолетници може да му го продолжи престојот во центарот за малолетници до два часа во текот на денот. За изречената дисциплинска мерка директорот ќе ги извести центарот за социјални работи и надлежниот суд.

Член 288

(1) Во центарот за малолетници се води дневник за престојот на малолетното лице.

(2) По извршената воспитна мерка, центарот за малолетници им доставува на центарот за социјални работи и надлежниот суд извештај за влијанието на преземените мерки спрема малолетното лице и за постигнатите резултати во воспитната работа.

(3) Ако судот по извршувањето на оваа воспитна мерка го стави малолетното лице под засилен надзор на центарот за социјални работи со извештајот од ставот (2) на овој член ќе достави и мислење на стручните работници на центарот за малолетници за личноста на малолетникот и за постигнатите резултати во извршувањето на мерката.

## Глава XXV

## ИЗВРШУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ НА ЗАСИЛЕН НАДЗОР

### 1. Засилен надзор од страна на родителите, посвоителот или старателот

Член 289

Извршувањето на воспитната мерка засилен надзор од страна на родителите, посвоителот или старателот започнува во денот кога надлежниот суд ќе му ја достави одлуката со која е изречена оваа мерка заради нејзино извршување на родителот, посвоителот или старателот задолжен за извршување на мерката.

Член 290

Родителот, посвоителот или старателот ја извршува мерката така што води постојана и целосна грижа за воспитувањето на малолетното лице, презема мерки кои ќе го спречат штетното влијание врз малолетното лице и ги извршува налозите и упатствата на центарот за социјални работи и надлежниот суд во текот на извршувањето на мерката.

Член 291

(1) Родителот, посвоителот или старателот е должен да му овозможи на центарот за социјални работи да го проверува извршувањето на оваа мерка.

(2) Родителот, посвоителот или старателот на малолетното лице и центарот за социјални работи, во рокот што ќе го определи судот, а најмалку еднаш на шест месеца, ќе го известат надлежниот суд за текот на извршувањето на воспитната мерка.

Член 292

Ако во текот на извршувањето на воспитната мерка засилен надзор од страна на родителите, посвоителот или старателот дојде до несогласување меѓу родителот, посвоителот или старателот на малолетното лице и центарот за социјални работи, несогласувањето за начинот на извршувањето на оваа мерка ќе го реши судот што ја изрекол мерката.

Член 293

(1) Центарот за социјални работи составува извештај за начинот на извршувањето на воспитната мерка засилен надзор од страна на родителите, посвоителот или старателот и за постигнатите резултати во извршувањето на оваа мерка.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член центарот за социјални работи го доставува на надлежниот суд.

### 2. Засилен надзор во друго семејство

Член 294

(1) Извршувањето на воспитната мерка засилен надзор во друго семејство, центарот за социјални работи му го доверува на семејството определено во судската одлука.

(2) По добивањето на одлуката од надлежниот суд, центарот за социјални работи ќе го извести семејството од ставот (1) на овој член дека на определен датум во рок од 15 дена ќе му го предаде малолетното лице на извршување на воспитната мерка засилен надзор во друго семејство.

Член 295

(1) Центарот за социјални работи склучува писмен договор со семејството определено во судската одлука во која ќе се утврдат меѓусебните права и обврски во врска со сместувањето и спроведувањето на засилениот надзор спрема малолетното лице.

(2) Со договорот од ставот (1) на овој член се определуваат и висината и начинот на плаќањето на трошоците за сместувањето на малолетното лице и условите и рокот на престанувањето на договорот.

Член 296

За време на извршувањето на воспитната мерка засилен надзор во друго семејство на малолетното лице му се обезбедува одржување на врските со семејството, доколку надлежниот суд по предлог на центарот за социјални работи не определи поинаку.

Член 297

Одредбите на членовите 287 и 288 од овој закон ќе се применуваат и при извршувањето на воспитната мерка засилен надзор во друго семејство.

### 3. Засилен надзор од страна на социјалниот орган

Член 298

(1) По приемот на одлуката со која е изречена воспитната мерка засилен надзор од страна на социјалниот орган од надлежниот суд, овој орган подготвува програма за остварување на засилен надзор спрема малолетното лице со која се определува начинот на остварувањето на грижата во однос на школувањето, вработу-

вањето, лекувањето ако тоа е потребно, издвојувањето од средината која штетно влијае врз малолетното лице и средување на семејните и други прилики во кои малолетното лице живее.

(2) Веднаш по приемот на одлуката, центарот за социјални работи ќе ги извести родителите, посвоителот или старателот дека во рок од 15 дена ќе започне со остварување на засилениот надзор спрема малолетното лице и ќе ги запознае со програмата на засилениот надзор која ќе ја спроведува.

(3) Центарот за социјални работи ќе определи стручен работник кој постојано и непрекинато ќе се грижи за извршување на засилениот надзор и спроведување на програмата од ставот (1) на овој член.

Член 299

Одредбата на членот 285 од овој закон соодветно се применува и на извршувањето на воспитната мерка засилен надзор од страна на центарот за социјални работи.

**Глава XXVI**

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАВОДСКИТЕ МЕРКИ

1. Општи одредби

Член 300

Заводските мерки според одредбите на овој закон се извршуваат со упатување во воспитна установа и со упатување во воспитно-поправен дом.

Член 301

(1) Центарот за социјални работи по приемот на одлуката од надлежниот суд со која на малолетното лице му е изречена некоја од заводските мерки ќе побара од родителот, посвоителот или старателот на малолетното лице спрема кое оваа мерка е изречена на определен ден во текот на 15 дена да го доведе малолетното лице во установата. Центарот за социјални работи, исто така, ќе ја извести и установата за датумот кога малолетното лице треба да се јави за извршување на воспитната мерка.

(2) Установата во која се извршува заводската мерка ќе го извести центарот за социјални работи и надлежниот суд за датумот на приемот на малолетното лице и почетокот на извршувањето на заводската мерка.

Член 302

Ако малолетното лице не се јави на извршување на заводската мерка или самоволно ја напушти установата, раководителот на установата ќе ги извести центарот за социјални работи, надлежниот суд и подрачната единица на Министерството за внатрешни работи за фаќање на малолетното лице и приведување во установата за извршување на заводската мерка.

Член 303

Установата во која се извршува заводската мерка, најдоцна три месеца пред планираното отпуштање на малолетното лице, треба да го извести центарот за социјални работи за отпуштањето и да му предложи мерки што треба да се преземат за натамошно воспитување на малолетното лице.

Член 304

(1) Центарот за социјални работи во консултација со родителите, посвоителот или старателот на малолетното лице и со нивно вклучување во подготвувањето за прифаќање на малолетното лице во установата, посебно се грижи за средување на семејните прилики на малолетното лице, за обезбедување на негово времено сместување и исхрана ако тоа не му е обезбедено во семејството, за обезбедување на облека и обувки, за лекување, за избор на соодветна средина и за школување и вработување на малолетното лице.

(2) За подготовките што ги презел центарот за социјални работи ќе го извести надлежниот суд.

Член 305

(1) Почетокот на извршувањето на заводската мерка по молба на малолетното лице, неговите родители, посвоителот или старателот, може да се одложи под условите определени во членот 89 став (1) точки 1, 2, 5 и 7 и членовите 90 и 91 од овој закон.

(2) За повторно поднесена молба се применува одредбата на членот 96 од овој закон.

2. Упатување во воспитна установа

Член 306

Воспитната мерка упатување во воспитна установа се извршува во воспитна установа наменета за воспитување и социјална заштита на деца и младина.

Член 307

Центарот за социјални работи ќе го запознае раководителот на воспитната установа со одлуката со која е изречена воспитната мерка, како и со други податоци за личноста на малолетното лице, за семејните, социјалните и други прилики во кои живее и ќе го извести надлежниот суд за установата во која ќе се извршува воспитната мерка спрема малолетното лице.

Член 308

(1) Малолетното лице во воспитната установа се става во исти услови и има исти права и должности како и другите малолетници сместени во установата, со тоа што во однос на воспитувањето и надзорот ќе му се посвети посебно внимание.

(2) Со околноста дека спрема малолетното лице е изречена и се извршува воспитна мерка од заводски вид се запознаваат само раководителот на установата и воспитувачот на кого малолетното лице му е доверено.

Член 309

(1) За време на училишниот распуст и празниците кога воспитната установа не работи, малолетното лице може да се испрати кај родителите, посвоителот или старателот или кај блиски роднини.

(2) Ако малолетното лице нема каде да се смести согласно со ставот (1) на овој член, центарот за социјални работи за тоа време ќе определи привремено сместување на малолетното лице.

(3) Времето поминато надвор од воспитната установа во текот на училишниот распуст и празниците се смета како време поминато во установата.

Член 310

Раководителот на воспитната установа е должен најмалку на секои шест месеца или кога надлежниот суд или центарот за социјални работи тоа ќе го побараат да ги извести за успехот во примената на оваа воспитна мерка спрема малолетното лице.

3. Упатување во воспитно-поправен дом

Член 311

(1) Работата во воспитно-поправниот дом се организира така што на малолетното лице му се обезбедуваат услови за основно и средно образование и воспитание, за стекнување и развивање на позитивни навики, на вредносни особини и за работно оструччување и оспособување за одделни занимања.

(2) Ако во воспитно-поправниот дом не постои настава од одредена насока или степен на образование малолетното лице може таквата настава да ја посетува и надвор од воспитно-поправниот дом.

(3) Во воспитно-поправниот дом на малолетното лице му се обезбедуваат услови за активно користење на слободното време со културни, забавни и спортски активности.

(4) Малолетното лице во воспитно-поправниот дом може да одржува контакти со семејството и други лица и институции кои можат позитивно да влијаат на неговата ресоцијализација.

Член 312

(1) При приемот во воспитно-поправниот дом се утврдува идентитетот на малолетното лице.

(2) Во почетокот на извршувањето на воспитната мерка малолетното лице се запознава со куќниот ред, правата и должностите што ги има во текот на извршувањето на воспитната мерка, начинот на кој ги остварува утврдените права и со дисциплинските мерки што можат да му се изречат.

Член 313

(1) По приемот во воспитно-поправнит дом малолетното лице престојува во приемното одделение до 30 дена.

(2) Во приемното одделение стручен тим, со примена на научни методи, врши социјално-медицинско и психолошко-педагошко испитување на личноста на малолетното лице.

(3) Стручниот тим што го врши испитувањето од ставот (2) на овој член го сочинуваат психолог, педагог, социјален работник, лекар, а по потреба и други стручни лица.

Член 314

(1) Во приемното одделение се утврдуваат методите за воспитна работа со малолетното лице, се координира работното ангажирање со наставата во училиштето за основно воспитание и образование и средно образование, со работилниците и економијата во која се изведува практична обука и се предлагаат мерки заради поуспешно остварување на процесот на превоспитувањето.

(2) Врз основа на резултатот од испитувањето на личноста на малолетните лице во приемното одделение се врши класификација и се утврдува програма за индивидуална работа која ги опфаќа сите позначајни карактеристики за личноста, содржините и методите на работа кои ќе го стимулираат малолетното лице за активно учество во превоспитниот процес за време на престојот во воспитно-поправниот дом.

Член 315

(1) Во воспитно-поправниот дом малолетните лица се распоредуваат во воспитни групи според возраста, карактеристичните лични особини или други својства, кои овозможуваат примена на индивидуално прилагодени стимулативни методи на работа со малолетните лица во групата и воспитни и превоспитни мерки со кои ќе се оневозможуваат или спречуваат меѓусебните негативни влијанија, како и преземање на мерки за одржување на редот и дисциплината и за почитување на нормите на групните активности.

(2) Воспитните групи од ставот (1) на овој член можат да опфатат најмногу десет малолетни лица и имаат посебен воспитувач.

Член 316

(1) На малолетните лица, во согласност со потребите од нивното превоспитување, им се определува видот на работата според нивните телесни и душевни способности и можностите на воспитно-поправниот дом.

(2) При определувањето на видот на работата се води сметка за желбата на малолетните лица да вршат одреден вид работи.

(3) При изборот на струката што ќе ја изучуваат малолетните лица, за кои се организира настава за средно образование, ќе се води сметка за нивните способности и склоности, за можностите на воспитно-поправниот дом и за други околности од значење за остварувањето на целта на воспитната мерка.

Член 317

(1) Од малолетните лица кои го завршиле школувањето или се стручно оспособени, се бара да работат со полно работно време, согласно со општите прописи.

(2) Од малолетните лица кои посетуваат училиште за ученици за средно воспитание и образование или за одделен вид занимање, се бара да работат според прописите и програмата на наставата предвидена од училиштето што го посетуваат.

Член 318

(1) За основно воспитание и образование и средно образование, во воспитно-поправните домови се организира настава од соодветен вид, работилници и економии за практична обука.

(2) Малолетните лица кои ќе се здобијат со квалификација во воспитно-поправниот дом добиваат свидетелство. Од свидетелството не смее да се гледа дека квалификацијата е добиена во воспитно-поправен дом.

(3) Кога според општите прописи времето поминато на работа од одреден вид се признава за здобивање со одредена квалификација, за таква квалификација се признава и времето поминато на ист вид работа во воспитно-поправен дом, со тоа што ова време не се смета во работен стаж и не може да биде основ за стекнување на други права.

Член 319

На малолетно лице во воспитно-поправен дом, кое започнало средно образование или друго образование може да му се овозможи продолжување на школувањето надвор од домот, ако со своето однесување и залагање во учењето им служи за пример на другите и тоа го заслужува.

Член 320

(1) На малолетните лица во воспитно-поправен дом им се обезбедува исхрана по три оброка дневно, која содржи најмалку 14.600 џули.

(2) Болните малолетни лица добиваат храна во вид и количество што ќе ги одреди лекарот.

(3) На малолетните лица им се обезбедува бесплатна облека, чевли и долна облека.

Член 321

Воспитно-поправниот дом ги задоволува најнужните потреби на малолетните лица кои без своја вина не работат, а немаат сопствени средства.

Член 322

Малолетните лица имаат право без ограничување да примаат посети на членовите на потесното семејство во границите на куќниот ред, а со одобрение на директорот на воспитно-поправниот дом можат да ги посетуваат и други лица.

Член 323

(1) Малолетните лица можат без ограничување да се допишуваат со родителите и блиските роднини.

(2) Директорот на воспитно-поправниот дом може да одобри допишување и со други лица, ако тоа не влијае штетно врз малолетните лица.

Член 324

(1) Малолетните лица имаат право да примаат пратки со облека, предмети за лична употреба, книги и дневен печат, чија содржина не е воспитно штетна.

(2) Малолетните лица можат да примаат и пари кои можат да ги трошат само во рамките одредени со куќниот ред.

Член 325

(1) Директорот на воспитно-поправниот дом може да им одобри отсуство на малолетните лица во текот на годината до еден месец заради посета на родителите или на блиски роднини.

(2) Отсуството се дава, по правило, за време на училишниот распуст и за време на празници и викенди.

(3) За малолетните лица што се наоѓаат во воспитно-поправен дом може да се организира заедничко летување надвор од домот.

(4) Времето поминато на отсуство или на заедничко летување се засметува во времето поминато во домот.

Член 326

(1) Малолетните лица кои не посетуваат настава за основно воспитание и образование и средно образование, а на работа поминале непрекинато 11 месеца, вклучувајќи го тука и времето поминато на лекување поради повреда на работа или професионално заболување, имаат право на одмор од најмалку 18 дена во годината со можност за користење на да два дела, летен и зимски одмор.

(2) Одморот, по правило, се користи кај родителите, старателот или поблиските роднини. За оние што немаат кај кого да одат, а се склони на бегство или постои опасност да продолжат со вршење на кривични дела и нарушување на јавниот ред и мир, управата на домот може да организира заеднички одмор во домот или надвор од него.

(3) Одлука за користење на одморот донесува директорот на домот, по предлог на воспитувачот.

Член 327

(1) За повреда на редот и дисциплинати пропишани со куќниот ред за малолетно лице дисциплинската казна упатување во самица може да трае од три до седум дена.

(2) Малолетното лице не смее само да ја издржува оваа дисциплинска казна во просторијата определена за таа цел.

Член 328

Одредбите на овој закон се применуваат и на организацијата и работата на воспитно-поправниот дом и на извршувањето на воспитно-поправната мерка упатување во воспитно-поправен дом, доколку со одредбите од оваа глава поинаку не е определено.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ СПРЕМА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

### Глава XXVII

Член 329

(1) Алтернативната мерка општокорисна работа изречена спрема малолетно лице се извршува согласно со одредбите од Главата XVIII на овој закон.

(2) Ако на малолетникот му е заменета алтернативната мерка општокорисна работа со мерката упатување во дисциплински центар за малолетници, ќе се применуваат одредбите за извршување на таа мерка согласно со овој закон.

## ДЕЛ ТРЕТИ

## ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНИ СПРЕМА ПРАВНИ ЛИЦА

### Глава XXVIII

Органи и постапка за извршување на паричната казна спрема правни лица

Член 330

(1) Постапката за наплата на паричната казна на правни лица, по службена должност ја поведува судот што ја изрекол паричната казна во прв степен.

(2) Судот пристапува кон наплата на парична казна откако пресудата ќе стане правосилна и ќе истече доброволниот рок за плаќање кој е определен во самата пресуда.

Член 331

Судот на осуденото правно лице му праќа опомена да ја плати паричната казна во рок не подолг од 15 дена од денот на праќањето на опомената.

Член 332

Паричните казни наплатени од правното лице се внесуваат во Буџетот на Републиката.

Член 333

(1) Банката кај која се води сметката на осуденото правно лице и на која í е наложено извршувањето на паричната казна, должна е во рок од осум дена од извршувањето да го извести надлежниот суд кој ја донел одлуката во прв степен.

(2) Банката од ставот (1) на овој член е должна да го извести судот и во случај кога не може го спроведе извршувањето, во рок од осум дена откако тоа ќе се утврди.

Член 334

(1) Ако осуденото правно лице во определениот рок не ја плати паричната казна, судот по службена должност ќе прати налог за присилна наплата на казната од сметката на правното лице кај носителот на платниот промет каде што правното лице е евидентирано.

(2) Ако во времето кога носителот на платниот промет го примил налогот за присилна наплата нема средства на сметката на осуденото правно лице, должен е да го држи налогот во евиденција и да изврши наплата кога ќе пристигнат средства на сметката на правното лице и за тоа веднаш да го извести судот.

(3) Доколку судот е известен од носителот на платниот промет дека налогот за присилна наплата не може да се изврши, тогаш судот ќе побара податоци од регистарскиот суд и Централниот регистар за статусните промени на осуденото правно лице.

(4) Присилна наплата со налог од страна на судот може да се изврши и преку органот на управата за јавни приходи, согласно со принципите за наплата на јавните приходи од правните лица.

Член 335

(1) Ако над осуденото правно лице е отворена стечајна постапка за ликвидација, судот е должен да испрати до стечајниот или ликвидациониот суд налог за првенство во наплатата.

(2) Доколку осуденото правно лице извршило преобразба и пристапило кон друго правно лице, тогаш присилна наплата ќе се спроведе само во висина на вредноста на преземениот имот од осуденото лице.

Член 336

(1) Ако паричната казна не може да се изврши од имотот на правното лице поради тоа што правното лице нема таков имот или престананало да постои пред извршување на казната, казната ќе се изврши од имотот на основачот или основачите на правното лице, сразмерно на вложените удели, односно кај трговското друштво од имотот на акционерите, односно содружниците сразмерно на нивните удели.

(2) Паричната казна на странски правни лица се извршува од имотот конфискуван во Република Македонија или со примена на меѓународен договор, од имотот во странство.

Член 337

Трошоците на извршувањето на паричната казна ги поднесува осуденото правно лице.

Член 338

Одредбите за постапка по приговор од членовите 217 и 218 на овој закон се применуваат и за правните лица.

Член 339

Средствата добиени од наплати на паричните казни на правните лица се уплатуваат и распоредуват на начин утврден во членот 219 од овој закон.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНИТЕ ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ ОДДЕЛНА ДЕЈНОСТ И ТРАЈНА ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ ОДДЕЛНА ДЕЈНОСТ

Член 340

Казните привремена забрана за вршење одделна дејност и трајна забрана за вршење одделна дејност ги извршува органот кој е надлежен за спроведување на регистрација на правните лица со упис во регистрационата влошка.

Член 341

Надлежниот инспекциски орган се грижи правното лице спрема кое е изречена забрана на вршење одделна дејност и во рокот определен со пресудата да не ја врши забранетата дејност. За таа цел првостепениот суд му доставува на надлежниот инспекциски орган препис од правосилната одлука.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНАТА ПРЕСТАНОК НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ

Член 342

(1) За извршување на казната престанок на правното лице соодветно се применуваат одредбите на законот со кој се уредува престанокот на правното лице.

(2) Постапката за престанок на правното лице ја поведува судот што ја донел пресудата во прв степен по службена должност.

## Глава XXIX

## ИЗВРШУВАЊЕ НА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМАЊЕ ПРЕДМЕТИ

1. Конфискација на имот и имотна корист

Органи и постапка за извршување на казната конфискација на имот и имотна корист

Член 343

(1) На лицето на кое му е изречена конфискација на имот и имотна корист му се одзема имотот и користа што ги имал во времето кога пресудата со која се изречени станала правосилна.

(2) При извршувањето на конфискацијата на имотот и имотната корист се одземаат имотот и користа кои според одредбите на Законот за извршување не се изземени од извршување доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 344

(1) Постапка за извршување на конфискација на имотот и имотната корист поведува, по службена должност, судот што ја изрекол оваа конфискација.

(2) За извршување на конфискацијата на имотот стварно е надлежен судот што ја донел одлуката во прв степен.

(3) За извршување на конфискацијата на недвижен имот месно е надлежен судот на чие подрачје се наоѓа недвижноста, а за движни предмети, парични побарувања и други имотни права судот на чие подрачје осудениот има живеалиште, односно престојувалиште.

(4) Ако живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице е надвор од територијата на Република Македонија, надлежноста се определува согласно со ратификуван меѓународен договор.

Член 345

(1) Извршувањето на казната конфискација на имот и одземање имотна корист спрема правно лице што во меѓувреме се припоило кон друго правно лице, ќе се спроведе спрема правното лице кое го презело имотот и тоа до висина на вредноста на преземениот имот.

(2) Доколку над осуденото правно лице е отворена стечајна постапка или постапка за ликвидација, судот е должен да испрати до стечајниот или ликвидациониот суд налог за првенство во одземањето.

(3) Во оваа постапка не е дозволен приговор.

Член 346

(1) Ако со извршувањето на овие мерки дојде до престанок на правното лице, соодветно се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва со кои се уредува престанокот на правното лице.

(2) Постапката за престанок со извршување на конфискацијата на имот и на имотната корист ја поведува судот по службена должност.

Член 347

(1) Конфискуваниот имот преминува во државна сопственост со денот на правосилноста на пресудата со која е изречена казната конфискација на имотот и се предава на користење на општината на чие подрачје се наоѓа.

(2) Општината на која í е предаден на користење конфискуваниот имот ги презема обврските на осуденото лице настанати до извршувањето на кривичното дело што се обезбедени со укинување на заложното право на недвижноста или утврдени со правосилна судска одлука или со договор за потрошувачки кредит и тоа до висината на вредноста на предадениот конфискуван имот.

(3) Средствата добиени од извршувањето на казната одземање на имотна корист се уплатуваат и распоредуваат на начин утврден во членот 219 од овој закон.

Член 348

(1) Лицето во чија корист постои законско или укнижено право на уживање или укнижено право на станување на конфискувани недвижности, со конфискацијата не ги губи овие права.

(2) Сите други товари на конфискуваните недвижности, освен полските и куќните службености, се бришат.

Член 349

(1) Ако штетата предизвикана со кривичното дело поради кое е изречена казната конфискација на имотот не може да се наплати од имотот кој не е опфатен со конфискацијата, оваа штета ќе се надомести од конфискуваниот имот.

(2) Оштетениот може да бара наплатување во смисла на ставот (1) на овој член ако поведе спор во рок од шест месеца од правосилноста на одлуката со која е упатен на спор и ако во рок од три месеца од правосилноста на одлуката со која е утврдено неговото барање побара намирување од одземените вредности со конфискација на имотот.

(3) Кога на оштетениот во кривична постапка му е досудено имотно-правно барање, казната конфискација на имотот ќе се изврши само ако имотот го надминува досуденото имотно-правно барање на оштетениот.

(4) Оштетениот, кој во кривичната постака не пријавил имотно-правно барање, може да бара намирување на одземениот конфискуван имот, ако за утврдување на своето барање повел спор во рок од три месеца од денот на дознавањето на пресудата со која е изречена казна конфискација на имотот, а најдоцна во рок од две години од правосилноста на одлуката за извршување на казната конфискација на имотот и ако во рок од три месеца од денот на правосилноста на одлуката со која е утврдено неговото барање побара намирување од одземениот конфискуван имот.

Член 350

(1) Ако конфискацијата на имотот спрема осудено лице биде укината, конфискуваниот имот ќе му се врати нему односно на неговите наследници.

(2) Ако враќањето на конфискуваниот имот или на одделни негови делови фактички или правно не е повеќе можно, нивната фактичка вредност се надоместува во пари.

(3) Одлуката за враќање на конфискуваниот имот, како и одлуката за висината на надоместокот, ја донесува судот што го спровел извршувањето на казната конфискација на имот.

(4) Против одлуката на судот од ставот (3) на овој член можат да изјават жалба осуденото лице, односно неговите наследници и надлежниот јавен правобранител.

(5) Жалбата се поднесува во рок од осум дена од денот на приемот на првостепената одлука.

Член 351

(1) Ако осуденото лице нема имот кој според овој закон би можел да се одземе или ако имотот што би можел да се одземе е од незначителна вредност, судот ќе донесе решение за запирање на постапката за извршување на конфискацијата на имотот. Ова решение му се доставува на јавниот правобранител, кој против него има право на жалба во рок од осум дена од приемот и на осуденото лице, односно на неговите наследници.

(2) Ако по запирањето на постапката се утврди дека во времето на правосилноста на пресудата со која е изречена казната конфискација на имотот постоел имот кој според овој закон може да се конфискува, судот дополнително ќе спроведе постапка за извршување на оваа казна.

Член 352

(1) Ако против некое лице е поведена кривична постапка за кривично дело за кое може да се изрече конфискација на имотот, судот надлежен за кривичната постапка може, по службена должност или по предлог од јавниот обвинител, да нареди привремени мерки за обезбедување според прописите за извршување.

(2) За спроведување на мерките за обезбедување од ставот (1) на овој член е надлежен основниот суд на чие подрачје се наоѓа имотот.

Член 353

(1) Ако се извршува казната конфискација на имот и одземање имотна корист над правно лице, а ако правното лице во меѓувреме се припоило кон друго правно лице, извршувањето на казната ќе се спроведе спрема правното лице кое го презело имотот и тоа до висина на вредноста на преземениот имот.

(2) Доколку над осуденото лице е отворена стечајна постапка или постапка за ликвидација, судот е должен да испрати до стечајниот или ликвидациониот суд налог за првенство во одземањето.

Член 354

(1) Ако со извршувањето на оваа казна дојде до престанок на правното лице, соодветно ќе се применат одредбите од Законот за трговските друштва со кои се уредува престанокот на правното лице.

(2) Постапката за престанок во овој случај ја поведува судот по службена должност.

2. Одземање на предмети

Член 355

(1) Правосилната одлука со која се одземени предмети кои се употребени или биле наменети за извршување на кривично дело или настанале со извршување на кривично дело ја извршува судот определен со закон на начин како што е определено во самата одлука, со уништување или со отстапување на предметите на државен орган или со продавање на предметите, или со предавање во соодветен музеј, ако предметите според својата природа не се наменети за продавање.

(2) Ако прометот на одземените предмети е забранет или ограничен, нивното уништување ќе се изврши и во текот на кривичната постапка, доколку тоа е определено со судската одлука.

(3) Уништувањето на одземените предмети го извршува судот кој ја донел одлуката во прв степен во присуство на јавен обвинител или овластен претставник на подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка и инспекторот за извршување на санкциите.

(4) Одредбата од ставот (3) на овој член се применува и во постапката за предавање на одземените предмети во соодветен музеј.

(5) Продажбата на предметите од ставот (1) на овој член се врши според одредбите за извршување.

(6) Доколку со одлука на судот е наложено предметите да се вратат на сопственикот, а тој не го подигне предметот во рокот додека тече извршувањето, по истекот на рокот на застареност на извршувањето на одлуката, предметот останува сопственост на државата и со него ќе се постапува согласно со ставот (1) на овој член.

Член 356

Средствата добиени од продажбата на одземените предмети во постапката за извршување на мерката на безбедност се уплатуваат и распоредуваат на начин утврден во членот 219 од овој закон.

## ДЕЛ ЧЕТВРТИ

## ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ИЗРЕЧЕНИ ЗА ПРЕКРШОК

### Глава XXX

### ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНА ЗАТВОР

Член 357

(1) Одредбите на овој закон за извршување на казната затвор за кривични дела соодветно се применуваат и на извршувањето на казна затвор за прекршок, ако со одредбите на оваа глава поинаку не е определено.

(2) Казната затвор изречена за прекршок се извршува во установа од полуотворен вид.

(3) Казната затвор изречена за прекршок се извршува одвоено од казната затвор изречена за кривично дело.

Член 358

(1) Казната затвор изречена за прекршок се извршува според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на казнетото лице.

(2) Казнетото лице на издржување на казната го упатува првостепениот суд што ја изрекол казната.

(3) Во упатниот акт што органот од ставот (1) на овој член му го доставува на казнетото лице се остава рок од осум до 15 дена до денот кога лицето треба да се јави на издржување на казната затвор.

(4) Ако казнетото лице не се јави на издржување на казната затвор на определениот ден, Министерството за внатрешни работи по налог на првостепениот суд ќе го приведе казнетото лице во установата.

Член 359

(1) Почетокот на извршувањето на казната затвор за прекршок може да се одложи на молба на казнетото лице, најмногу до 60 дена.

(2) По молбата за одлагање на почетокот на извршувањето на казната решава надлежниот суд.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член со кое е одбиена молбата решава повисокиот суд.

Член 360

(1) По молба на казнетото лице, по исклучок, во оправдани случаи директорот на установата може да одобри прекин на издржувањето на казната до десет дена.

(2) Против решението со кое е одбиена молбата од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Управата.

## Глава XXXI

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ПАРИЧНАТА КАЗНА, МЕРКИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТ, ВОСПИТНИТЕ МЕРКИ И ОДЗЕМАЊЕТО НА ИМОТНАТА КОРИСТ

Член 361

Одредбите на овој закон за извршување на паричната казна, мерките на безбедност, воспитните мерки, алтернативните мерки и одземањето на имотната корист, изречени за кривични дела соодветно се применуваат и на извршувањето на паричната казна, мерките на безбедност, воспитните мерки и одземањето на имотната корист за прекршок.

## ДЕЛ ПЕТТИ

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Глава XXXII

Член 362

Постојните установи и воспитно-поправните домови продолжуваат со работа според надлежноста определена со овој закон до создавање услови за профункционирање на мрежата на овие установи согласно со членот 19 на овој закон.

Член 363

Одредбите од Главата VII за организација и работа на стопанските единици, ќе се применуваат по ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Член 364

Осудените, казнетите и малолетните лица кои издржуваат казна затвор, замена на паричната казна со затвор, малолетнички затвор и воспитно-поправната мерка упатување во воспитно-поправен дом, ќе продолжат односно ќе се прераспоредат со издржување на казната затвор и воспитно-поправната мерка во соодветната установа и воспитно-поправен дом според надлежноста определена со овој закон.

Член 365

Директорите и нивните заменици во постојните установи и воспитно-поправни домови продолжуваат со работа до истекот на мандатот како директори, односно заменици на установите и воспитно-поправните домови, доколку ги исполнуваат условите за именување на директор на установа, односно заменик директор утврдени со овој закон.

Член 366

(1) Условите на престој и работа на осудените и малолетните лица во установите и воспитно-поправните домови ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од две години од неговото влегување во сила.

(2) Општите акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на неговото влегување во сила.

(3) Посебниот акт од членот 175 став (1) на овој закон што се однесува на посебната заштита на соработниците на правдата има карактер на класифицирани информации.

Член 367

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија" број 3/97, 23/99 и 74/2004).

Член 368

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR ZBATIMIN E SANKSIONEVE

## Kreu I

## DISPOZITA TË PËRBASHKËTA

Neni 1

(1) Me këtë ligj rregullohet zbatimi i sanksioneve të shqiptuara për vepra penale dhe kundërvajtje (në tekstin e mëtejmë: vepra ndëshkuese).

(2) Sanksione të shqiptuara për vepra penale, zbatimi i të cilave rregullohet me këtë ligj janë: dënimet, masat alternative, masat e sigurisë dhe masat korrektuese.

(3) Sanksione të shqiptuara për kundërvajtje, zbatimi i të cilave rregullohet me këtë ligj janë: dënimet, masat e sigurisë dhe masat korrektuese.

Neni 2

(1) Sanksionet e shqiptuara për vepra ndëshkuese zbatohen kur vendimi me të cilin është shqiptuar sanksioni do të bëhet i plotfuqishëm edhe kur nuk ekzistojnë pengesa ligjore për zbatimin e tyre.

(2) Me zbatimin e sanksioneve të caktuara mund të fillohet edhe para plotfuqishmërisë së vendimit me të cilin është shqiptuar sanksioni, vetëm kur kjo është përcaktuar me ligj.

Neni 3

Personat ndaj të cilëve zbatohen sanksionet privohen apo kufizohen në të drejtat vetëm në kufijtë të domosdoshëm për realizimin e qëllimit të sanksionit, dhe në bazë të ligjit.

Neni 4

(1) Rregullat për zbatimin e sanksioneve zbatohen në mënyrë të paanshme.

(2) Ndalohet diskriminimi në bazë të racës, ngjyrës së lëkurës, seksit, gjuhës, fesë, bindjeve politike apo bindjeve të tjera, prejardhjes nacionale apo sociale, farefisnisë, gjendjes pronësore dhe shoqërore apo të ndonjë statusi tjetër të personit ndaj të cilit zbatohet sanksioni.

(3) Ndjenjat fetare, bindja personale dhe normat morale të personave ndaj të cilëve zbatohen sanksionet doemos duhet të respektohen.

Neni 5

Me personat ndaj të cilëve zbatohen sanksionet veprohet në mënyrë që në masë më të madhe të mundshme i përgjigjet personalitetit të tyre.

Neni 6

Me personat ndaj të cilëve zbatohen sanksionet veprohet në mënyrë të njerëzishme, me respektimin e personalitetit njerëzor dhe dinjitetit, ruajtjen e shëndetit të tyre trupor dhe shpirtëror, duke mbajtur llogari për realizimin e qëllimeve të sanksioneve të caktuara.

Neni 7

(1) Sanksionet i zbatojnë organet e caktuara me këtë ligj.

(2) Gjykata që e ka marrë vendimin e shkallës së parë me të cilin është shqiptuar sanksioni, është e obliguar që t'ia dorëzojë gjykatës kompetente për zbatimin e sanksioneve sipas vendbanimit gjegjësisht vendqëndrimit të personit të dënuar menjëherë, dhe më së voni në afat prej tre ditëve pasi të bëhet vendimi ekzekutiv.

(3) Vendimi bëhet ekzekutiv kur për plotfuqishmërinë e tij nuk ekzistojnë pengesa të përcaktuara me këtë ligj për zbatimin e sanksionit.

(4) Gjykatësi për zbatim të sanksioneve është i obliguar të fillojë zbatimin e sanksionit me ndërmarrjen e veprimeve të caktuara ligjore dhe të masave menjëherë pas pranimit të vendimit.

(5) Personat e dënuar kanë të drejtë në mbrojtjen e të drejtave të tyre në mënyrë dhe procedurë të paraparë me këtë ligj.

Neni 8

(1) Punët e zbatimit të sanksioneve janë në kompetencë të Drejtorisë për zbatimin e sanksioneve (në tekstin e mëtejmë): Drejtoria).

(2) Me punët e zbatimit të sanksioneve udhëheq drejtori i Drejtorisë.

(3) Organizimi dhe fushëveprimi i punëve të cilat zbatohen në Drejtori përcaktohen me këtë ligj.

Neni 9

(1) Drejtoria me mbikëqyrje të drejtpërdrejtë dhe përmes informatave e përcjell dhe e analizon zbatimin e rregullave për zbatimin e sanksioneve, në mënyrë të drejtpërdrejtë ndërmerr apo trupave kompetente u propozon masa për përmirësimin e kushteve për zbatimin e sanksioneve, jep ndihmë profesionale për zbatimin e sanksioneve, mbledh dhe përpunon të dhëna statistikore dhe kryen punë të tjera të parapara me këtë ligj dhe rregulla të tjera.

(2) Drejtoria bashkëpunon me organe të tjera shtetërore, institucione të tjera shkencore dhe shoqata dhe persona të tjerë juridikë me qëllim të përmirësimit të kushteve për zbatimin e sanksioneve dhe ndihmë pas lirimit të personave të dënuar.

(3) Drejtoria për gjendjen dhe punën e institucioneve ndëshkuese-korrektuese një herë në vit e njofton Qeverinë dhe publikun.

Neni 10

Mbikëqyrjen mbi punën e organeve dhe institucioneve të tjera për zbatimin e sanksioneve dhe ligjshmërinë për zbatimin e sanksioneve e kryejnë organet e caktuara me këtë ligj.

Neni 11

(1) Republika e Maqedonisë i siguron mjetet për zbatimin e sanksioneve.

(2) Personat ndaj të cilëve zbatohen sanksionet nuk i paguajnë shpenzimet e zbatimit, përveç shpenzimet e zbatimit të dënimit me para.

Neni 12

Personave të liruar nga zbatimi i sanksioneve u ofrohet ndihmë.

Neni 13

E drejta e përdorimit të gjuhës për personat e dënuar gjatë komunikimit me Drejtorinë, institucionin apo organet tjera shtetërore shfrytëzohet në pajtim me dispozitat e Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative.

## PJESA E PARË

## ORGANET KOMPETENTE PËR ZBATIMIN E SANKSIONEVE

## A. DREJTORIA PËR ZBATIMIN E SANKSIONEVE

### Kreu II

1. Kompetenca e Drejtorisë për zbatimin e sanksioneve

Neni 14

(1) Drejtoria organizon, zbaton dhe kryen mbikëqyrjen e zbatimit të: dënimit me burg, burgut për të mitur, masave alternative punë me dobi të përgjithshme dhe burg shtëpiak, mbikëqyrjes mbrojtëse të shqiptuar me vendim për dënim me kusht apo për lirim me kusht, si dhe masë korrektuese dërgim në shtëpinë edukuese-korrektuese.

(2) Drejtoria është organ në përbërje të Ministrisë së Drejtësisë me cilësi të personit juridik.

(3) Drejtoria siguron trajnim të vazhdueshëm dhe përsosje të të punësuarve.

(4) Drejtoria realizon bashkëpunim me institucione, shoqata dhe organizata të cilat merren me problemet e zbatimit të sanksioneve.

2. Udhëheqja me Drejtorinë

Neni 15

(1) Me Drejtorinë udhëheq drejtori.

(2) Drejtorin e Drejtorisë e emëron dhe shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të ministrit të Drejtësisë.

(3) Drejtori emërohet për kohë prej 5 vjetësh me të drejtë të zgjedhjes së sërishme.

(4) Drejtori i Drejtorisë mund të jetë person i emëruar i cili ka përgatitje të lartë shkollore shkalla VII-1 dhe përvojë pune prej së paku 5 viteve në sferën e zbatimit të sanksioneve apo punë të ngjashme.

Neni 16

(1) Drejtori e përfaqëson Drejtorinë, është përgjegjës për zbatimin e ligjshëm dhe të rregullt të punës nga sfera e zbatimit të sanksioneve në Republikë dhe për punën e tij përgjigjet para Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe ministrit të Drejtësisë.

(2) Drejtori i Drejtorisë, nga radhët e të punësuarve, mund të autorizojë person i cili do ta zëvendësojë në mungesë të tij apo kur është i penguar.

3. Organizimi i Drejtorisë

Neni 17

(1) Me aktet e përgjithshme për organizimin dhe sistematizimin e punëve dhe detyrave përcaktohen njësitë organizative për zbatimin e funksioneve të Drejtorisë.

(2) Të punësuarit në Drejtori kanë status të nëpunësve shtetërorë.

(3) Aktet e përgjithshme nga paragrafi (1) i këtij neni i nxjerr ministri i Drejtësisë.

## B. INSTITUCIONET NDËSHKUESE-ORREKTUESE DHE EDUKUESE-KORREKTUESE

1. Rrjeti i institucioneve ndëshkuese-korrektuese dhe institucioneve edukuese-korrektuese

Neni 18

(1) Dënimi me burg dhe masa edukuese dërgim në shtëpinë edukuese-korrektuese zbatohet në institucionet ndëshkuese-korrektuese dhe edukuese-korrektuese.

(2) Institucionet ndëshkuese- korrektuese dhe institucionet edukuese-korrektuese kanë cilësi të personit juridik, ndërsa financimi i tyre si shfrytëzues individë sigurohet përmes shfrytëzuesit buxhetor - Drejtorisë për zbatimin e sanksioneve.

Neni 19

(1) Institucionet ndëshkuese-korrektuese dhe institucionet edukuese-korrektuese themelohen dhe pushojnë me këtë ligj.

(2) Institucionet ndëshkuese-korrektuese mund të jenë shtëpi ndëshkuese-korrektuese dhe burgje.

(3) Institucionet ndëshkuese-korrektuese janë: Shtëpia ndëshkuese-korrektuese Idrizovë me Repart të hapur në Veles, Shtëpia ndëshkuese-korrektuese Shtip, Shtëpia ndëshkuese-korrektuese e llojit të hapur në Strugë, Burgu i Manastirit, Burgu Gjevgjelisë, Burgu i Kumanovës me Repart të hapur në Kriva Pallankë, Burgu i Ohrit, Burgu i Prilepit , Burgu i Shkupit, Burgu i Strumicës dhe Burgu i Tetovës.

(4) Institucionet edukuese-korrektuese janë: Shtëpia edukuese-korrektuese Tetovë dhe Shtëpia edukuese-korrektuese Shkup.

(5) Ministri i Drejtësisë me akt të përgjithshëm bën sistemimin e të gjykuarve, personave të dënuar dhe personave të mitur në institucionet ndëshkuese-korrektuese dhe institucionet edukuese-korrektuese, si dhe të personave të paraburgosur në repartet e paraburgimit në institucionet ndëshkuese-korrektuese.

a) Institucionet ndëshkuese-korrektuese

Neni 20

(1) Institucionet ndëshkuese-korrektuese (në tekstin e mëtejmë: institucionet) sipas shkallës së sigurimit, shkallës së kufizimit të lirisë dhe llojeve të trajtimit të cilat zbatohen ndaj personave të gjykuar, mund të jenë institucione të llojit të mbyllur, gjysmë të hapur dhe të llojit të hapur.

(2) Institucionet e llojit të mbyllur kanë sigurim fizik dhe material, siç janë shërbimi për sigurim, muret me rrethojë, mjetet teknike dhe masa të tjera për sigurim me të cilat pengohet arratisja e personave të dënuar.

(3) Institucionet e llojit gjysmë të hapur kanë shërbim për sigurim, i cili e siguron disiplinën dhe e kontrollon lëvizjen e personave të dënuar.

(4) Institucionet e llojit të hapur nuk kanë sigurim fizik dhe material. Organizimi i jetesës dhe i punës së personave të dënuar në këto institucione themelohet në bazë të vetë disiplinës dhe përgjegjësisë personale, ndërsa kontrollin mbi lëvizjen e tyre dhe punën e tyre e kryejnë edukatorët dhe instruktorët.

(5) Në institucionet e llojit të hapur mund të organizohet shërbim për shkak të sigurimit të objektit.

Neni 21

Në institucionet e llojit të mbyllur themelohen reparte gjysmë të hapura dhe të hapura, ndërsa në institucionet e llojit gjysmë të hapur - reparte të hapura dhe të mbyllura.

Neni 22

(1) Në institucione themelohen reparte për pranimin e personave të dënuar (reparte për pranim).

(2) Në repartet e llojit gjysmë të hapur themelohen reparte për persona të dënuar për kundërvajtje.

(3) Për persona të sëmurë të dënuar themelohet shtëpi-spital si institucion i posaçëm.

Neni 23

(1) Në institucionet e llojit të mbyllur themelohen reparte të posaçme për persona të dënuar shtetas të huaj dhe për persona pa shtetësi.

(2) Gjatë kryerjes së dënimit me burg për personat nga paragrafi (1) i këtij neni zbatohen dokumentet ndërkombëtare që kanë të bëjnë me vuajtjen e dënimit me burg të kësaj kategorie të personave të dënuar.

Neni 24

Personat e mitur të dënuar doemos e vuajnë dënimin burg për të mitur në institucion të posaçëm për të mitur.

Neni 25

(1) Në institucione të caktuara themelohen reparte të posaçme për zbatimin e masës së paraburgimit.

(2) Procedura me persona të paraburgosur rregullohet me ligj.

b) Institucionet ndëshkuese-korrektuese

Neni 26

(1) Institucionet ndëshkuese-korrektuese për zbatimin e masës edukuese dërgim në shtëpinë edukuese-korrektuese janë shtëpitë edukuese-korrektuese.

(2) Kategori të posaçme personash të mitur mund të mbajnë masën edukuese në reparte të veçanta në shtëpitë edukuese-korrektuese.

(3) Personat e mitur sipas seksit, vendosen në shtëpi të posaçme, ndërsa mund të vendosen në një shtëpi, por të ndarë.

2. Organizimi i institucioneve ndëshkuese-korrektuese dhe institucioneve edukuese-korrektuese

Neni 27

(1) Në institucione, nga shkaku i kompleksit dhe vëllimit të punëve në funksion të zbatimit të sanksioneve, organizohen sektorë: për risocializim, sigurim, sektori ekonomik-instruktues, sektori shëndetësor dhe sektori administrativ-ekzekutiv dhe sektori financiar.

(2) Nëse nuk është i domosdoshëm organizimi i sektorëve nga paragrafi (1) i këtij neni, punët e sektorëve të caktuar apo të më shumë sektorëve mund t'i kryejë një apo më shumë persona.

a) Sektori për risocializim

Neni 28

(1) Risocializimi paraqet funksion bazë të institucionit ndëshkues-korrektues dhe institucionit edukues-korrektues.

(2) Sektori për risocializim organizohet për arsye të realizimit të procesit edukativ dhe koordinimit të punëve të edukimit, arsimimit dhe aftësimit të personave të dënuar dhe të mitur.

(3) Punët e edukimit dhe arsimimit i kryejnë edukatorët dhe mësimdhënësit.

(4) Sektorët tjerë janë të obliguar të bashkëpunojnë në procesin e risocializimit me këtë sektor.

b) Sektori për sigurim

Neni 29

(1) Punët e sigurimit në institucion i kryen sektori për sigurim, i cili është i armatosur dhe i vetmi i uniformuar dhe i pajisur.

(2) Sektori për sigurim është formacioni i vetëm i Drejtorisë.

(3) Sektori për sigurim organizohet për arsye të sigurimit, pengimit të arratisjeve, mbajtjes së rendit të brendshëm dhe disiplinës dhe zbatimit të personave të dënuar dhe të mitur.

(4) Me sektorin për sigurim udhëheq komandanti.

(5) Punët e shërbimit sektor i sigurimit, krahas komandantit i kryejnë kryeshefat tjerë, mbikëqyrës të lartë, mbikëqyrës më të vjetër dhe mbikëqyrës më të rinj.

(6) Çdo pjesëtar i sektorit për sigurim kur kryen veprim zyrtar ka autorizim të policit.

(7) Ministri i drejtësisë nxjerr akt për armatim dhe mënyrën e kryerjes së punëve të sektorit për sigurim, dhe akt për uniformën dhe shenjat e pjesëtarëve të repartit.

v) Sektori ekonomik-instruktues

Neni 30

(1) Sektori ekonomik-instruktues organizon punën dhe profesionalizimin e personave të dënuar dhe personave të mitur.

(2) Angazhimi i punës së personave të dënuar realizohet në njësi ekonomike që i themelojnë institucionet apo jashtë institucionit te personat juridikë dhe në institucionet tjera, me mendim të dhënë paraprak të sektorit të instruktorëve, sektorit për risocializim dhe sektorit të shëndetësisë.

(3) Punët e sektorit ekonomik-instruktues i kryejnë instruktorët dhe personat e tjerë profesionistë.

g) Sektori për mbrojtje shëndetësore

Neni 31

(1) Sektori për mbrojtje shëndetësore organizohet për arsye të kryerjes së punëve të mbrojtjes shëndetësore, zbatimit të masave higjienike dhe kontrollit të ushqimit dhe ujit të pijshëm të personave të dënuar dhe të mitur në pajtim me rregullat e përgjithshme.

(2) Punët e sektorit për mbrojtje shëndetësore i kryejnë mjekët dhe punëtorët tjerë shëndetësorë, me shkallë të kryer përkatëse të arsimit sipas rregullave të përgjithshme.

d) Sektori administrativ-ekzekutiv dhe financiar.

Neni 32

(1) Sektori administrativ-ekzekutiv dhe financiar organizohen për arsye të kryerjes së punëve ekzekutive, administrative, juridike dhe punëve financiare të institucionit, si dhe për dhënien e ndihmës juridike personave të dënuar dhe të mitur.

(2) Punët e sektorit ekzekutiv-administrativ dhe sektorit financiar i kryejnë personat me arsim të kryer të shkallës përkatëse në profesionin përkatës sipas rregullave të përgjithshme.

3. Udhëheqja me institucionet ndëshkuese-korrektuese dhe edukuese-korrektuese

Neni 33

(1) Me punën e institucionit udhëheq drejtori.

(2) Drejtori i institucionit është personalisht përgjegjës për kryerjen e funksionit të institucionit në mënyrë të ligjshme, të drejtë dhe me kohë.

(3) Drejtori i institucionit ka zëvendës i cili e zëvendëson në rast të pengimit të tij apo mungesës së tij dhe e përfaqëson në punët të cilat do t'ia caktojë ai.

Neni 34

(1) Drejtorin e institucionit dhe zëvendësin e tij i emëron dhe i shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të ministrit të Drejtësisë.

(2) Për drejtor i institucionit dhe zëvendës i tij mund të emërohet personi i cili ka të kryer arsim të lartë, shkalla - VII-1 dhe përvojë pune prej së paku 5 viteve në sferën e zbatimit të sanksioneve apo punëve të ngjashme.

## V. GJYKATËSI PËR ZBATIMIN E SANKSIONEVE

Neni 35

Në të gjitha gjykatat themelore vendoset gjykatës për zbatimin e sanksioneve.

Neni 36

(1) Gjykatësi për zbatimin e sanksioneve i mbron të drejtat e personave të dënuar, bën mbikëqyrjen mbi ligjshmërinë në procedurën për zbatimin e sanksioneve dhe siguron barazi dhe njëtrajtësi të personave të gjykuar para ligjit.

(2) Gjykatësi për zbatimin e sanksioneve ndërmerr aktivitetet dhe vendos për:

- dërgimin në vuajtjen e dënimit me burg;
- shtyrjen e vuajtjes së dënimit me burg;
- ndërprerjen e vuajtjes së dënimit dhe vendosjen jashtë fuqisë ndërprerjen e vuajtjes së dënimit me burg;
- përllogaritjen e dënimit, nëse gjykata kompetente nuk ka sjellë vendim përkatës;
- për veprimin e parashkrimit të zbatimit të dënimit apo pezullimit të zbatimit të dënimit për arsye të vdekjes së personit të dënuar, e njofton gjykatën kompetente për arsye të marrjes së vendimit përkatës;
- bashkëpunimin me qendrat kompetente për punë sociale për ndihmë postpenale dhe zbatimin e masave alternative;
- zëvendësimin e dënimit me para me burg;
- pagesën e dënimit me para në këste;
- punë të tjera të përcaktuara me ligj.

## PJESA E DYTË

## ZBATIMI I SANKSIONEVE TË SHQIPTUARA PËR VEPRA PENALE

Zbatimi i dënimit me burg

## Kreu III

## PARIME THEMELORE

Neni 37

(1) Qëllimi i zbatimit të dënimit me burg është aftësimi i personave të gjykuar që të kyçen në shoqëri me gjasa më të mira për jetë të pavarur në pajtim me ligjin

